СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Првото продолжение на Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД СЕДУМДЕСЕТ И СЕДМАТА (77) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА МА 9. I. 1997 ГОДИНА**

Дискутанти :

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 14, 15
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 6
3. АБДИ ФАИК – 62, 64
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 107
5. ЗИБЕРИ НАСЕР - 1, 11, 19 ( мин. за труд)
6. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 9
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 85, 87
8. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО -17
9. МЕШКОВ ЉУПЧО - 74

10  МУСОВСКИ ФЕРИД - 3, 6

11. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 12
12. МИНОВ ПАНЧО - 41, 43, 101
13. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 29, 34, 103, 105, 125
14. НИКОЛОВ ЈОВАН - 39
15. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 47, 49
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1 ( води седница)
17. ПАВЛОВ БОРИС - 81
18. СТРЕЗОСКИ ЃОРЃИ - 119 ( прозива )
19. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 112, 114, 118.
20. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 7
21. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО -37
22. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР -115, 116
23. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР -50, 109, 123
24. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 56, 59

2$. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 69, 71

26. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 107, 115
27. ФИТИ ТАКИ - 20, 25, 88, 96, 103, 108, 112, 114, 123, 124, 125
28. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - 19, 28  (води седница).
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 83

Дневен ред ;

Т.2-стр.1 - Предл. за изм. и допол. на Зак. за Работни односи

Т.3-стр.19 - Измени на БУЏЕТОТ на РМ за 1997 г.

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 9 октомври 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 13,00 часот.

На седницата претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 77-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Борис Костаќев, Димче Настевски, Љубомир Чадиковски и Илинка Митрева, Јован Србиновски и Благоја Силјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 2 - Предлог за изменување и дополнување на законот аз работни односи.

Предлогот на законот ви е доставен. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор Насер Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа,

Како што знаете пред извесно време беа донесени два основни закони од областа на социјалната заштита и тоа Законот за вработување

и Законот за социјална заштита. Измените во тие закони детерминираа и измени во другите закони, а еден од таквите е Законот за работни односи.

Од причини веќе познати за усогласување на овој акт со претходните измени особено во Законот за вработување и од причини што во меѓувреме се водеа преговори со ММФ за искористување на втората кредитна линија од ЕСАФ аранжманот Владата на РМ пред Собранието да даде предлог за изменување и дополнување на Законот аз вработување и тоа измените, како што имате прилика да ги видите се сведуваат на следното.

Измени во делот на задолжителното лекарско уверение при вработување на работниците, кое уверение сметаме дека во одредени случаи е непотребно и ја комплицира постапката при исполнување на барањето со работна сила, односно барањето и потребата на работодавецот со работник. Веќе таква одредба ние уврстивме во Законот за вработување и лекарското уверение предвидуваме задолжително да биде само во случаи кога тоа е предвидено со закон односно за работни места од каде што доаѓа до загрозување на физичката и другата способност на работникот.

Втората измена се однесува на прашањето за кои работни места ќе се бара задолжително објавување на оглас, односно за кои работни места не е потребно објавување на оглас и работодавецот по пат на непосредна спогодба и по пат на други врсти на посредување може да ја задоволи потребата од работник односно работна сила.

Трето, измената во делот на испратнината каде што се врши корекција. Испратнината да се исплати, да биде врзана само со стажот кај последниот работодавец, за да се избегнат можностите ист работник два пати да прима испратнина доколку претходно кај друг веќе примил.

Се разбира, има измени врзани за успешното спроведување на законот за работни односи врзано аз инспекциската служба. Тие корекции се само во тој правец, затоа што во текот на времето неколку решенија на инспекциските органи беа оспорени од страна на Врховниот суд и тие дилеми ги корегираме со измените предложени пред вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г^динот Ферид Мусовски.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, што се однесува до предлогот за донесување на овој закон за работни односи, со неговите измени и дополнувања предложен од Владата по итна постапка го поддржувам бидејќи е во функција и за работниците. Горното го потврдувам и го поддржувам од измените што ќе ги изнесам како што се по ред, како што и министерот ги назначи во неговото излагање.

Ќе се задржам на институцијата лекарско уверение.

Во членот 1 од предложените измени каде се менува членот 7 став 2 точката се брише и се додаваат зборовите "за вршење на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи и други работи утврдени со закон на работодавецот". Новината се состои во тоа што во досегашната пракса при секое вработување уште на самиот оглас беше неопходно потребно невработениот, кој и онака нема основни средства за живот, како конкретна документација се вадеше и лекарското уверение. Со таа измена се штити невработениот кој и онака е во тешка состојба, а со

посебни акти не значи дека тотално лекарското уверение како институција ќе биде прекинато. Мое убедуваше е со посебни акти во законот за социјална, здравствена заштита и со другите закони за сообраќај и по сите гранки ќе биде регулирано во кои случаи ќе се бара лекарско уверение за некои штетни нокси кои што се поризични за здравјето на вработениот.

Во член 9 од постојниот закон се регулира огласувањето на работни места. Досега имаше шаренолиост во одредени работи. Имаше состојби да се кријат одредени огласи заради разни оддалечувања Тука е регулирано во кои случаи и на кој начин работодавецот и на кои работни места може да ги огласи своите работни места. Оглас во дневен печат, во Бирото за вработување, склучување на договор и негова заверка, што е многу битно, да не се избегнат манипулациите и преку агенцијата за посредување при вработување. Додека јавните установи, органите на управата и сите други органи се обврзани со јавен оглас да ги регулираат односите на новите вработувања.

Одлуката во член 117, што Синдикатот реагираше со барање да се симне точката од дневен ред, овие измени се во согласност со донесените закони за вработување и осигурување во случај на невработеност и законот за прекршоците, така да нема бојазност работникот да биде оштетен со овие измени. Мислам дека се во негова функција.

Престанокот на работен однос задолжително ќе се дава во писмена форма со образложение за причините за давање отказ така да работникот има право на приговор како институција за неговото незадоволство.

Отпремнината што беше кажана, ќе се избегнат тие шаренолики исплати на испратнина, но во праксата се покажа бидејќи имаме доста

организации кои се во стечај и кои што не можат да исплатат сега работодавецот со последниот работен стаж ќе биде обврзан да му ја исплати отпремнината од 10 до 12 плати, зависи од должината на неговиот стаж.

Во членот 141 се менува улогата и задачите на инспекцијата. Децидно и рестриктивно се доуредуваат, а со цел да се постигне нивна ефикасност. Со оваа измена инспекцискиот надзор ќе му укаже на работодавецот во определен рок да ги отстрани сите неправилности при работењето, а нема да се чека до рокот од 90 дена. Со тоа ќе се заштитат работниците кои работат да бидат отстранети подолг период од работа, кои и онака немаат средства за живот. Ако работодавецот ги отстрани неправилностите во покус рок ќе му биде дозволено д продолжи со работа и со тоа нема да губи ни државата ни работодавецот, ни работниците.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:(**продолжение).

Заради сите овие причини и на крај казнените одредби кои што ги разгледав се во склад со Законот за прекршоци, нема некој високи норми, туку треба да се почитува законот. И ревидирањето на овој закон го поддржувам, бидејќи е во функција на работниците.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Излегов на говорница да кажам само дека ќе го поддржам законот, особено од аспект на она што се прави во врска со иземањето условно речено на институцијата лекарско уверение. Кажувам условно, од таа причина што како што беше објаснето дека таа нема секогаш да биде иземена, меѓутоа, во поголем број случаи ќе биде иземена. Го кажувам тоа од аспект од познавањето на работите што се случуваше досега во врска со лекарското уверение. Знам дека често луѓето само од причина што не беа во состојба да обезбедат лекарско уверение, поради немање на средства , не беа во состојба да се јавуваат на одредени огласи, односно конкурси. Ваква состојба имавме многу долго во минатиот период и мислам дека добро е уочено од страна на Владата да се прави ваков напор да се избегне условно повторно речено, оваа институција, да се даде можност рамноправно сите да можат да се јавуваат на одредени огласи, односно конкурси. Порано имаше многу, многу случаи и тоа не им беше овозможено. Дури имаше и такви состојби кога поединци бидејќи различно чинеше издавањето на лекарското уверение во разни медицински центри. Јас знам на пример извесно време Дебар беше поскап од Ростуше, па луѓето од Дебар во Ростуше

вадеа лекарско уверение, а истата работа се правеше како во Дебар и во Ростуше. Ништо нешто посебно, меѓутоа, само заради таксите тие што беа поголеми луѓето си одеа. Сега ова добро е што се прави, добро е што се прави и во врска со прашањето на отпремнината за пензија. Мислам дека се поставува на рамноправна положба и не се дозволува да се прават евентуални манипулации. Мене не ми е познато дека такви се направени, но еве добро се прави. Затоа ќе гласам за измените односно за понудениот закон.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, сигурно дека измените и дополнувањата на Законот за работни односи е условен и од други причини како што ги наведе министерот. Но, во овој момент јас би се задржал на две основни работи кои се предмет на расправа, односно кои се предмет на измена и дополнување на Законот.

Прво, се однесува за членот 1 за измената и дополнувањето на законот за кое јас во овој момент не би можел да кажам дека во подмолност би се сложил со мојот претходен говорник кој вели дека една од главните причини што вработените не можеа да се вработат беше токму лекарското уверение. А јас од моето лично искуство како инспектор по оваа проблематика, јас гледам една друга опасност повеќе кога се гледа од причини што овде многу јако се вели "особено тешки работи" , затоа што во практика ќе ни се јавува еден проблем. Човек ќе дојде без лекарско уверение, ќе работи на посебни услови за работа и после 5-6 месеци или година дена ќе се јавува како трудот инвалид, затоа што претходно ние немаме обезбедено лекарско уверение дали тој човек е способен за работа.

И во случај кога инспекторот за заштита при работа ќе му забрани или Комисијата ќе забрани да работи на тоа работно место, ќе му налага на работодавецот да му го промени работното место согласно на неговите преостанати психофизички способности, а тој такво работно место не предвидува и нема систематизација , ние ќе се најдеме во една многу тешка ситуација, тој човек ќе мораме да го земеме под заштита, а во овој момент тоа не можеме да го правиме. Затоа, мислам формулацијата "особено тешки" ми е некако мене страна и прејака. Ние евентуално можеме да кажеме дека за лица кои ќе работат на посебни услови за работа. Тоа значи лица кои ќе работат на висина, на бука итн. во кои постои реална опасност тие во тоа време и да дојде до оштетување на здравјето на човекот, односно намалување на психофизичките способности на тој вработен.

Друга работа за што излегов овде да кажам. Се работи за член 10 од измената и дополнувањето на Законот каде што е направена мала корекција од постојниот Закон на член 143 каде што вели дека, ако се затекне непријавен работник, или не ги платил придонесите, инспекцијата на лице место ќе укаже казна, односно решение за забрана за работа од 90 дена. Од праксата ви кажувам дека оваа мерка и досега тешко функционираше, или воопшто не функционираше. Така во многу случаи трудовата инспекција беше во многу незгодна ситуација, да му се искаже забрана за неработење во траење од 90 дена со претходно без да му се укаже, без да му се даде решение за отстранување на тие недостатоци или пропусти. Мислам уште повеќе затоа што трудовата инспекција за разлика од другите инспекции која што има надлежност само да дава решение, а извршувањето на решението го врши друг

орган во конкретниов случај трудовата инспекција е таа која што издава решение, која треба да го спроведе решението, односно да ги носи со себе клештите и веднаш да удира пломба. И тоа за 90 дена. Во праксата со тоа имаме големи проблеми, затоа што човекот од икс причини отворил производствен погон, отворил друга дејност каде што инвестирал со стотици илјади марки и заради едно откриено непријавено лице на лице место му се дава забрана и му се става пломба забрана за 90 дена. Мислам дека оваа одредба е престрога и затоа јас имам предложен амандман во кој предвидувам , инспекторот му издава решение до отстранување на откриените недостатоци. Ако евентуално по втор пат се констатира од истата личност прекршок од ист вид, дури тогаш да може инспекторот нему да му забрани 60 дена забрана. Верувајте во праксата се соочуваат со огромни проблеми. Инспекторот треба да биде тој кој што треба да го изврши решението, ќе наиде на отпори, ќе треба интервенција од полицијата и ред други проблеми. Од чисто практични причини предлагам, а тоа ќе го направам и со амандман овој член 10 да трпи измени и дополнувања, односно да биде даден како што реков, решение до отстранување и во втората фаза , ако се случи рецидив како што велат правниците повторно истата грешка, дури тогаш да му се искаже казна од 60 дена затворање на објектот.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Извршивме консултација со неколку лекари пратеници и сметаме дека добро е тоа што Министерството за труд и социјална политика сака да ги заштити работниците, потенцијалните работници од многу тешките

и деликатни работни места, кои што можат евентуално да го загрозат здравјето на работникот. Меѓутоа, треба да се води сметка и за другиот аспект. Колку хроничниот болен, или хроничната болест, може да го загрози извршувањето на работните задачи во соодветната работна организација, за кое што може и работникот да не биде свесен. Според тоа, добро би било секоја работна организација работодавецот приватен или државен, јавен да може да побара лекарско уверение за секое работно место. Секое работно место си има своја тежина и бара физички и психички здрав човек, здрава индивидуа за здраво извршување на работните задачи. Може работодавецот да го преземе ризикот и да не бара лекарско уверение, таа можност да се даде добро е, ако го познава и работната организација, работодавецот може да го преземе тој ризик, меѓутоа, сметам дека е добро да се предвиди можност за секое работно место работодавецот да побара лекарско уверение. Тоа што досега беше пречка вистински и товар за оние кои што бараат работа важењето на лекарското уверение кое што беше многу кратко до 6 месеци. Добро би било да се продолжи траењето 2 до 3 години, бидејќи овде станува збор и за хронични заболувања кои што можат да бидат штетни и по индивидуата и по извршувањето на работните задачи и од аспектна трудова инспекција ние сигурно сме се среќавале и порано како здравствени работници со деликатни ситуации кога работните организации ги тужеле здравствените организации, или лекарот кој што го издал лекарското уверение без да има потполн увид во здравствената состојба на работникот, плуќна туберкулоза, а не го сликал на ренген, не го упатил на ренген преглед и можеби и работникот не бил свесен за својата тешка здравствена состојба и после месец дена се јавува на

инвалидско - пензиска комисија како траен инвалид итн. Мислам дека овие аспекти треба во општата расправа да ги укажеме од досегашните искуства.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека со право ова прашање побуди интерес кај пратениците. Меѓутоа, мислам дека треба да се имаат во предвид сите аспекти и основното решение во Законот и решението што се предлага. Законот за работни односи е лек генералист по однос на сите прашања кои се од овој тип, од овој карактер. И точно во член 7 е утврдено дека еден од општите услови за основање на работен однос е и лекарското уверение и тоа е задолжително при секое основање на работен однос, односно пријавување и кандидирање за основање на работен однос. И тука е дефектот, тука е проблемот. Мислам дека пратеникот Ајдерага и Ферид Мусовски убаво посочија. Ние имавме проблеми кога за едно работно место ќе се пријавеа 20 до 30 луѓе кои ќе плаќаат , затоа што законска обврска беше на тој што се пријавува на конкурсот да ги подмири трошоците за добивање на лекарско уверение, а еден ќе се прими во некои случаи и ниеден и сите тие трошоци да пропаднат, односно невработениот и така во тешка состојба да биде доведен во уште полоша состојба. Тоа е едно.

Второ, ние велиме значи како принцип го укинуваме прашањето на лекарското уверение како услов за основање работен однос, но предвидуваме задолжително како услов да остане во точно одредени случаи, односно за вршење на особено тешки, штетни работи по здравјето на работникот. Таму е задолжително. Но, оставаме и

дискреционо право за одредени области утврдени со одредени закони како што е областа на образованието, одбраната, внатрешни работи, органите на управата да се предвиди со таков закон и таму да биде задолжително. Таков пример имате со законите во областа на образованието, каде што се предвидува задолжителна лекарска контрола и лекарско уверение, и во тој случај на товар на органот , односно Министерството припаѓаат и трошоците за утврдување на здравствената состојба како што ќе биде сега на товар на работодавецот кој ќе побара во таков случај потврда , односно лекарско уверение. Значи имаме сега три ситуации за разлика од досега како принцип кој задолжително важел за било каква работа да се бара лекарско уверение и кога трошоците паѓале врз невработениот кој бара работа. Значи сега имаме три ситуации. Една како принцип се укинува, второ, задолжително во одредени области кои ги утврдуваме во законот . И трето дискреционо право за одредени области со лек специјалис закони за одредени области да се утврди прашањето на лекарското уверение. И во тој случај трошоците да паѓаат врз работодавецот кој ќе бара такво лекарско уверение.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани министри, денеска расправата за едно законско решение кое оди во прилог на ова денешно динамично време. Имаме неколку членови кои што имаат солидни решенија. Во Законот се надминуваат некои слабости и потешкотии при вработувањето и при работата на одредени организации при вработувањето на граѓанинот што јас во подмолност се сложувам и ќе го поддржам законот. Се напушта една институција која во денешно

II8.-

време е наџивеана, а тоа е институцијата конкурс која и досега на разно - разни начини се манипулираше и таа институција беше наџивеана и ред е да се укине. Излегов повеќе да се осврнам на измените од Законот предвидени во член 1 каде се предвидува укинување или нема потреба од земање на лекарско уверение, или земање на лекарско уверение за вршење на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи и други работи утврдени со Законот, или со акт на работодавецот. Министерството при изработка на Законот доколку во својата екипа имала еден доктор ова решение не би паднало вака. Јас еве вака од говорница ќе ги прашам изработувачите, поднесувачите на законот, дали е особено тешка работа да бидеш наставник, дали е особено тешка работа да бидеш професор, дали е особено тешка работа да биде работник, шалтерски работник, дали е особено тешка работа да бидеш ѕидар и икс професии навидум лесни и нема потреба од лекарско уверение. Работодавецот цени затоа што не е од обласата на медицината, директор на едно основно училиште прима вработен и цени дека тоа не е особено тешка работа и нема потреба од лекарско уверение. Може ли тој вработен да биде заболен од некоја заразна болест и клицоносител од година дена, може ли тој вработен да биде заболен од туберкулозата и нејзиното лечење е малку подолготрајно, може ли тој вработен да биде заболен од групата на болести неуропсихијатриски кои што самото работно место е врзано со неговата болест што значи е контраиндицирано. Добро е што се напушта генерално вадењето на лекарско уверение при конкурирање за едно работно место со лекарски уверенија, меѓутоа, од друга страна да не го напуштиме лекарското уверение комплет, туку комплет за сите би требало да извадат лекарско уверение, а не овде како што е во законот , ако оцени работодавецот и особено тешки работи, што не е најдоброто решение.

II9.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сакам да ги известам колегите пратеници дека ние како Комисија направивме напори да го погледнеме законот и вие го имате извештајот. Така што имате шанса да го погледнете заклучокот на самата комисија. Меѓутоа, јас малку сакам да се вклучам во самата расправа од аспект со тоа што се работи за измени кои доаѓа до усогласување на двата закона. Ако се сеќавате ние донесовме закон за вработување и во тој закон веќе утврдивме одредени норми на однесување во оваа дејност. Меѓутоа овие норми беа во колизија со законот за работни односи. Сега не случајно член 9 веќе ги прецизира, односно ги превзема одредени норми кои се сместени во Законот за вработување и во тој дел се прави една поквалитетна одредба која е и многу попрактична. Така што тој квалитет веќе го имаме во член 9 кој се предлага во Законот за измени и дополнувања на Законот за работните односи. Кога се работи за член 1 кој е многу дискутабилен мислам дека се работи за еден посебен квалитет. Прашањето беше дали сите субјекти треба да користат право да бараат лекарско уверение како еден од елементите за да може некој да влезе на работно место, односно да биде вработен.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

Со она што се предлага во член 9 законодавецот има многу флексибилен однос. Предлагачот на законот прави еден квалитет напред, Ние не треба да робуваме на она дека сега даречеме медицинските центри ќе изгубат многу, ако зборуваме во таа функција дека некои од граѓаните кои треба да бидат вработени не бараат лекарско уверени, Напротив, се дозволува лицето кое е невработено економски да не биде многу оптоварувано, заради тоа што во текот на годината има можности според постојниот Закон, тој два пати да вади лекарско уверение, да се оптоварува со средства, а да нема никаква можност да биде вработен. Каква илузија, каква нелогика заради тоа што се работи невработено лице , а го оптоваруваме со материјален долг. Дури, јас имав едно гласно размислување дали би можело тоа да биде генерално за сите лица да имаат лекарско уверение, меѓутоа, тоа да го сместиме во Законот за здравствена заштита и тоа да биде бесплатна услуга за секој граѓанин кој треба да го користи лекарското уверение, а тоа да оди на заедничка солидарност на сите граѓани, меѓутоа ,сместено во Законот за социјална заштита. Можеби тоа ќе го направиме кога ќе го донесуваме законот за здравствена заштита и тука ќе добиеме посебен квалитет.

Да одговорам на едно прашање кое беше како дилема. Тоа се однесува за г-динот Милошевски. Значи, не се прави диференцијација комплетна во таа смисла дека работодавецот, така наречени приватни фирми, не ќе можат да бараат лекарско уверение. Не се исклучува таа можност, меѓутоа, се избегнува облигаторноста на проблемот и не е облигационо императивно јас како лице кое бара работа, односно морам да поднесувам лекарско уверение, а правниот субјект, приватното

лице однооно работодавецот, според своето убедување, има право да бара и лекарско уверение. Тука е посебен квалитет на една флексибилност и да не кажам целокупната одговорност и потреба се пренесува исклучиво кај работодавецот , бидејќи со сите економски промени што ги направивме рековме дека работодавецот треба да размислува какви работници ќе има, каква технологија и на кој начин ќе создава позитивен доход. Во тој дел мислам дека сме многу исправни и ова решение што веќе го нуди Министерството за труд и социјална политика е многу квалитетно.

Кога се работи за отпремнина морам да кажам дека во тој дел исто така има една посебна флексибилност. Имаме двојна функција Во една ситуација на работникот да му овозможуваме 24 плати во зависност од неговиот работен стаж, зависно од организацијата во која ќе биде прогласен за технолошки вишок, меѓутоа, му забранувавме на тоа лице 48 месеци да биде евидентирано како невработено лице односно да има право на вработување. Еве, законодавецот односно предлагачот веќе предлага една флексибилност. Тоа го сведува на 12 месеци, односно од еден до 12, меѓутоа, со сите права на ова лице при бирото за вработување да ги користи сите права според Законот за вработува! имајќи ја предвид здравствената заштита, да не кажам она што припаѓа како технолошки вишок партиципација од 53% од личниот доход и тн, што значи сите права во рамките на овој Закон. Тука има еден посебен квалитет, се намалува износот, меѓутоа, напротив, има една посебна еластичност во тој дел , така што имаме еден позитивен однос.

Добро е тоа, според мое убедување што инспекторскиот надзор сега е пофлексибилен. Има практични примери дека одредена дејност која во одредена ситуација се судрува со одредени законски норми таа

дејност да не може да ја врши 90 дена. Тоа е многу остро, да не речам не е флексибилно, законодавецот нашол за сходно да каже дека сепак ако инспекторот во дадениот момент ја потврди можноста дека се коригирани тие слабости на одредена организација односно субјект во таа дејност, да му овозможи после три дена веднаш во таа дејност да работи , има троен интерес: да ги задоволи потребите на граѓаните, да не ги отпушта работниците толку време и да создава доход преку кој доход преку распределбата и овој буџет и сите граѓани имаат свој интерес. Во таа смисла, ние како Комисија и јас како член на таа Комисија и претседател ги прифаќаме сите овие измени и го поддржуваме самиот Закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги,

Сепак, овој предлог за изменување и дополнување на Законот го сметам како еден од напредоците во подобрувањето на односите во вработувањата, меѓутоа од една широка лепеза на болестите од невро-психијатриски аспект сметам дека ќе дојде до големи проблеми при не-вадење на лекарските уверенија бидејќи одредени болести од психира-тријата секогаш се прикриени , некогаш ни работодавците ни лекарите неможат да ги откријат и тие со желба да се вработат, а се работи повеќе за млади луѓе од душевни болести кои се доста хронични и кои во ремисии се јавуваат доста долго време, така што при вработувањето без лекарско уверение одреден период тие ги работеле со одредени болести кои се хронични и опасни и по самиот работник. Да率 речеме епилепсијата кога секогаш е прикриена и која не може лесно и да се открие, а со желба да биде вработен и да оствари профит тој бара работно место и се

нафаќа на работно место кое вие знаете добро дека е опасно и по самата работа и работната организација а после тоа, после неколку месеци, година или две - има примери од мојата практика кои како здрави вработени наводно се разболеле во работната организација и бараат пензија односно одреден надомест Тоа се случува не само кај вработени туку и кај млади регрути кои како здрави се испраќаат во АРМ, а од таму се враќаат со декласирани душевни болести и наведено дека се разболел пред стапување во АРМ. Тоа исто значи ако овие работници бидат вработени и одреден период работат со додатни напори за да остварат работно место, после н колку месеци, година или две бараат оштета.

Затоа, сметам и амандмански да предложам лекарски уверенија да се вадат после вработувањето, за да не вадат сите кандидати на конкурсот или кандидати кои треба да бидат примени на работа лекарско уверени и Да бидат изложени на материјални трошоци или материјалните трошоци за извaденото лекарско уверение да ги сноси работодавачот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман за менување на член 10, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 под- несен од пратеникот Ризван Сулејмани,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, нека влезат пратениците во салата. Пауза до 15,00 часот.

(паузата отпочна во 13,40 часот!и траеше до 15,15 часот.

Со седницата продолжи да раководи г-динот Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со расправа.

Бидејќи го заклучивме претресот и расправата по текстот на Предлогот на законот предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Преминуваме на третата точка - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1997 година.

Предлогот за измени и дополнување на Буџетот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, министерот за финансии г-динот Таки Фити да го презентира предлогот.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине потпретседател, дами и господа, почитуван* пратеници, дозволете ми да дадам кратко воведно излагање врзано за Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1997 година. Мислам дека тоа е корисно бидејќи ќе фрли светло врз логиката и суштината на измените во Буџетот за тековнава година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1997 година односно ребалансот на Буџетот за 1997 година се заснова врз следењето на динамиката на приходите и расходите во Буџетот како и изменетиот макроекономски амбиент и инструментите на имплементацијата на макроекономската политика во втората половина на годината.

Во Буџетот на РМ за 1997 година изворните приходи беа планирани на износ од 41 милијарда и 320 милиони денари. Во нивни рамки, даночните приходи беа планирани на 38 милијарди и 981 милион денари, а не даночните приходи на 2 милијарди 339 милиони денари.

Структурата на даночните приходи ја чина персоналниот данок на доход со планирани 9,2 милијарди денари, данокот од добивка со планирани, 2,348 милијарди денари, данокот на промет на стоки и услуги со планирани 9,225 милијарди денари, акцизите со планирани 11,235 милијарди денари и царините со планирани 6,971 милијарда денари.

Динамиката на приливите на средствата на буџетот покажува дека заклучно со вчерашниот ден изворните приходи на буџетот, даночните и неданочните приходи, се реализирани со 69,73%, што е скоро идентичен процент на реализација во однос на истиот период минатата година. Со тоа натпросечна динамика на реализација засега е присутна кај акцизите, 74,75% , персоналниот данок од доход 71,10% и неданочните приходи 91,60%, а потпросечна кај царината 60,63% и данокот од добивка 46,33%. Денес сосема малку е изменета состојбата, така што изворните приходи во овој момент заклучниот со денешниот прилив се реализирани преку 70%.

Како што е познато, минатата година ја завршивме со степен со реализација на изворните приходи на буџетот од блиску 94%. Имајќи го предвид фактот дека динамиката на реализацијата на изворните приходи во буџетот и оваа година е приближно иста со онаа од минатата година, послабата динамика на приливите на буџетот во првата половина од годината целосно е компензирана со зголемените приливи во последните три месеци, како и фактот дека до крајот на годината сепак ќе имаме определени загуби или намалување на приходите по неколку основи, поаѓавме од претпоставката дека и оваа година ќе ја завршиме со степен на реализација на буџетот од 94%.

Затоа, Владата одлучи да му предложи на Собранието на РМ измени и дополнување на буџетот за 1997 година.

Досега вообичаена и преовладувачка практика во РМ била ребалансот на буџетот да се врши во втората половина на месец декември. Формално гледано, ваквиот пристап има предност во фактот што до крајот на годината со ребалансот полесно се затвораат буџетските сметки бидејќи е евидентен и согледлив дефинитивниот степен на реализација на буџетот, односно нема нејаснотии меѓу планираните и

реализираните приходи и расходи на Буџетот. Ваквата практика меѓутоа, има една сериозна слабост, оневозможува министерствата и останатите буџетски корисници благовремено да се прилагодат на намалувањата на позициите, да преземат неопходни мерки за заштеди и во тој контекст да се зголеми буцетската дисциплина односно да се потроши само она што е реално остварено. Затоа и одлучуваме оваа година прв пат да појдеме порано со ребалансот и мислам дека треба да стане преовладувачка практика, а да ве потсетам тоа беше и сугестија минатата година на Комисијата за финансирање и буџет, што е наша матична комисија, а исто така тоа беше сугестија и во една расправа при завршната сметка на Собранието на РМ и еве оваа година така постапуваме.

Намалување на приходите очекуваме во следните ставки.

Данокот од добивка во буџетот за 1997 година првобитно беше планиран со 2,348 милијарди денари. Со оглед на тоа што минатата година стапката на данокот на добивка е намалена од 30% на 15% очекуваме до крајот на годината да се реализираат 1,347 милијарди денари. Ова покажува дека падот на приходот нема да биде двојно помал, што говори дека даночната основа и опфатот на обврзниците со овој данок сепак се проширени. Овде треба да се има предвид и фактот дека овој нереализиран приход останува кај претпријатијата и тоа кај добрите претпријатија и дека претставува основа за зголемена инвестициона активност. Фактички, по овој основ околу 1 милијарда би останало во фирмите во претпријатијата.

Царина: овде намалувањето на приходите исто така е поврзано со измените во законската регулатива, но и со неповолностите во опкружувањето на земјата во првите три четири месеци од оваа година. (мислам пред се заради познатите настани во соседна Југославија и Бугарија).

Со новиот царински тарифник просечното царинско оптоварување на земјата е намалено од 26,9% на 15,13%. Кон тоа треба да се додаде дека и преференцијалните трговски договори со поранешните југословенски републики на кус рок дејствуваат во правец на намалување на приливите врз основа на царина.

Заради сето тоа очекуваме намалени приходи од царини од 1,320 милијарда денари.

Данокот на промет: се очекува намалување на приходите за 600 милиони денари. На ова намалување на приходите свое влијание имаат и смалените царински стапки, бидејќи како што е познато основата за плаќање на данокот на промет на стоки од увоз се утврдува кога на увозната цена ќе се додаде царината.

Акцизи: тука очекуваме смалени приходи од 278 милиони денар што во основа се должи на зголемувањето на рафинериската цена на нафтата за сметка или на сметка на акцизите. Оваа реченица внесе малку нејаснотија кај дел од почитуваните пратеници, дозволете да објаснам за што станува збор. Во основа е јасно. Вие знаете дека ние ја сменивме рафинериската цена на нафтата односно во Рафинеријата дојде до покачување на делот од цената и тоа останува за нив, за рафинеријата за да се избегнат проблемите врзани со порастот на цената на светскиот пазар и со девалвацијата на денарот. Меѓутоа, тоа го направивме на сметка на акцизите, според тоа, финалните цени на нафтата и нафтените деривати останаа непокачени, останаа исти, но тоа беше на сметка на акцизите и ние своевремено таму предвидувавме намалување од 600 милиони денари. Меѓутоа, намалувањето на приходите е помало од првобитно планираната загуба од 600 милиони денари благодарение на зголемените приливи на акцизи од тутун и

кафе и на релативно добрата наплата на акцизите од нафта и нафтени деривати, така што тука еден дел се компензира.

Вака намалените приливи донекаде ќе бидат компензирани со зголемените неданочни приходи. Имено, очекуваме дека неданочните приходи ќе бидат за околу 600 милиони денари поголеми од планираните заради добрата динамика на остварување на административните и судските такси, но и на така наречените други приходи, така се евидентираат во буџетот, а во прв ред приходите од Агенцијата за санација на банки, каде што досега се реализирани околу 340 милиони денари, потоа приходите од прелетите во Цивилната воздушна пловидба и др.

Врз сите овие основи се предлага ребалансирање на приходната страна на буџетот за 2,890 милијарди денари.

Ова намалување на приходите ќе предизвика потреба од заштеди на расходната страна на буџетот од 2,890 милијарди денари, како и определени реалокации на средства односно пренасочување на средства кон тековна резерва што во буџетот е планирана со 7 50 милиони денари, дефицит во Заводот за вработување од 432 милиони денари, потреби од дополнителни средства за социјална заштита од 140 милиош денари, дополнителни трошоци за исплаќање на штедачите на"ТАТ" "АЛФА —С" и "ЛАВЦИ" од 272 милиони денари и др.

Поголемите заштеди главно се лоцирани во следните позиции: капитални трошоци, трансвери, материјали по одделни министерства, договорни услуги по одделни министерства, трансфери врз основа на субвенции, трошоци за изградба, реновирање , унапредување и сл. Впрочем сите овие заштеди се јасно обележани по одделните позиции на расходната страна на буџетот.

IV/1.- СП-ВБ

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Дозволете ми во оваа прилика да дадам кусо образложение за две значајни позиции со цел да не дојде до забуна што впрочем беше сугестија на Комисијата за финансирање и буџет, која го разгледа Предлогот за ребаланс на Буџетот и, се разбира, го прифати.

Во рамките на Министерството за финансии - функција на државата средствата наменети за предвремена исплата на штедачите од штедилниците ТАТ, Алфа-С и Лавци што ќе се исплатат во текот на оваа буџетска година се во износ од 272 милиони денари односно по 90 милиони денари месечно за преостанатите три месеци од тековната година. Инаку, вкупните средства за предвремено исплаќање на штедачите на трите штедилници се во целост обезбедени онака како што тоа го предвидува законот Доцнењето на почетокот на почетокот на исплатите на штедачите според тоа не е резултат на необезбеденост на средствата, туку на техничките проблеми врзани за комплетирање на документацијата од страна на стечајните управници на ТАТ и Лавци. Очекуваме деновиве и тие проблеми да бидат надминати со што исплатата би започнала веднаш и тоа за трите штедилници едновремено. Оттука континуитетот на обештетувањето на штедачите воопшто не е загрозен и тој ќе продолжи во првите три месеци на 1998 година.

Во истиот раздел големо намалување е присутно и во ставката давање на заеми, учество на дел од хартии од вредност и отплата на главница што се должи на намалување на депозитот на Буџетот кон Народната банка на Република Македонија од предвидените 2,4 милијарди денари на 600 милиони денари. Ваквата промена уследи по девалвацијата во месец јули тековнава година со што отпадна потребата од интервенции на Народната банка на Република Македонија за бранење на курсот на денарот на нивото од пред девалвацијата со помош на буџетски средства.

Факт е дека најголемите заштеди се однесуваат на капиталните трошоци и трансфери. Меѓутоа, оценуваме дека кон крајот на годината односно во текот на месец декември ваквата состојба може да се релаксира. За таа цел во разделот 09002 - Министерството за финансии - функции на државата во потставката 427128 - Тековни резерви или разновидни трошоци предвидуваме сума од 750 милиони денари како тековна резерва. Таа резерва би се употребила алтернативно за две намени, покривање на дефицитите во социјалните фондови, се разбира, доколку тие се појават над веќе извршените реалокации, оти како што порано кажав веќе има обезбедено средства за тие реалокации и овие би се употребиле само доколку над тие реалокации социјалните фондови покажат дефицит.

Втората алтернатива е зголемување на капиталните трошоци и трансфери односно враќање на средствата таму каде се најголеми заштедите. Притоа предност имаат социјалните фондови.

Дами и господа, почитувани пратеници, како што спомнав на почетокот ние предвидуваме дека до крајот на годината степенот на реализација на изворните приходи на Буџетот ќе изнесуваат 94%. Тука не се земени предвид евентуални дополнителни приходи кои би дошле во Буџетот на Републиката до крајот на годината од кој дел се извесни, приходи од продажба на градежни локации, приходи од продажба на дел од трговскиот центар и сл. Тоа се еднократни приливи кои не би биле компонента на јавната потрошувачка во тековнава година, а се разбира ќе бидат елемент на структурирање на основите на фискалната политика и буџетот за 1998 година. Некаде беше покренато тоа прашање на комисиите и затоа е ова куса експликација секое еднократно доаѓање на средства во Буџетот не е структурирано овде и нема да биде потрошено во оваа година.

IV/3.-

Во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година настојувано е толку колку што- е можно во услови на ограничени ресурси да се води сметка за крајните ефекти на буџетската потрошувачка врз вкупните макроекономски агрегати на земјата. Имено, при намалувањето на одделните позиции по министерствата посебно е водена сметка да се остават доволно средства за измирување на заостанатите обврски што имаат прв приоритет како и на тековните обврски. Ова особено се однесува на обврските кон претпријатијата значи стопанските субјекти. Впрочем, и во последните три месеци кога дојде до значително подобрување на приливите во Буџетот заостанатите и тековните обврски кон претпријатијата имаа највисок приоритет. Во периодот од 1.У11 до 30.IX.1997 година буџетските корисници кои имаат најзначителни обврски кон претпријатијата успеаја да подмират еден значаен дел од нив. Така на пример Министерството за одбрана во овој период измири вкупно 600 милиони денари обврски кон претпријатијата.

Министерството за образование околу 400 милиони денари

и

Агенцијата за недоволно развиени подрачја околу 215 милиони денари или вкупно трите најзначајни должници кон стопанството заедно износ од 1,280 милијарди денари.

Во овој момент Министерството за одбрана исплаќа обврски кон претпријатијата кои достигнуваат до месец јули, а Министерството за образование обврски кои достигнуваат до месец август. Едновремено во овој момент Буџетот на Република Македонија благовремено односно тековно без доцнења ги сервисира своите обврски во поглед на старото девизно штедење како и обврските врзани за стечајните работници, технолошкиот вишок и најголемиот дел од трансферите за социјална помош.

Исто така постигнавме извонредно добра динамика во плаќањата кон банките од позицијата што во Буџетот е предвидена за санација на банки со што, се разбира,подобрена е ликвидноста на банките посебно на Стопанска банка и тоа дава можност за релаксирање на вкупната кредитна политика.

Како што е познато во месец јули извршена е девалвација на националната парична единица. Девалвацијата беше проследена со пакет - мерки, мултикомпензации, измена и дополнување на Законот за финансиско работеше, промена на рафинериските цени на нафтата за сметка на акцизите, замрзнување на платите на јавниот сектор со што се подобри финансиската дисциплина во стопанството, се спречи зголемувањето на цените на стоките и услугите што претставува редовно потенцијална опасност во првите три-четири месеци по девалвацијата и се избегна отворањето на инфлационата спирала која до крај можеше да ги елиминира позитивните ефекти по девалвацијата.

Во целиот пакет на мерки дополнителното стегање на буџетската потрошувачка како компонента на агрегатната побарувачка во стопанството има исто така типично антиинфлаторен карактер. Ова заради фактот што износот од 2,9 милијарди денари колку што изнесува намалувањето на приходната страна на Буџетот претставува близу 7% од изворните приходи на Буџетот односно 4,4% од вкупната јавна потрошувачка на земјата. Сите мерки заедно ќе ни овозможат да го дочекаме крајот на годината со ниска стапка на инфлација и да влеземе во 1998 година со уште поцврста макроекономска стабилност како основа за подинамичен раст и развој на земјата.

Благодарам на вниманието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Му благодарам на министерот за изнесените согледувања во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1997 година.

IV/5.-

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, почитувани министри. Вчера имавме една расправа за интерпелација и јас зборував дека многу точки од дневниот ред се фактички интерпелации. По мое сфаќање и денешната расправа за ребалансот на Буџетот на РМ за 1997 година не претставува ништо друго, туку еден вид интерпелација за Владата на Република Македонија. Бидејќи скоро во сите земји со развиена демократија расправите кои се водат по Буџетот многу често за ребаланс на Буџетот фактички значат прифаќање или неприфаќање на одредена политика на Владата на одредена земја односно нејзина доверба или недоверба така што сметам дека од односот кон ова прашање ќе го изразиме и нашиот однос кон прифаќањето на моменталната економска состојба во РМ.

Ребалансот на Буџетот за 19 97 година според мое мислење се врши сепаратно без притоа да се направи една анализа за движењата на параметрите на макроекономската политика во изминатиот период од годината.

За ова неколку пати разговаравме на Комисијата за економска политика и развој и баравме извештај од Владата на Република Македонија за движењата во макроекономската политика за првите шест месеци, за првите девет месеци, имавме начелна согласност од Министерството за развој дека тоа веднаш по одморите би го разгледувале, но за жал, до ден денеска тоа го немаме разгледувано ни на Комисија па ни на ова Собрание. Затоа сметам дека овде отсуствуваат сознанијата и оценките од Владата за следните прашања:

Прво, за глобалните економски состојби во земјата,

Второ, за остварените резултати на економијата, доколку ги има,

Трето, ефектите од извршената девалвација кои очигледно според мене ги нема,

Четврто, состојбите и ефектите во платниот биланс на земјата по извршената девалвација и

На крајот, положбата на големите фирми извозници во РМ.

Со оглед на тоа што недостасува една ваква владина оценка за основниот макроекономски показател општествениот производ според мене отсуствува и глобалната рамка за ребалансираниот буџет за 1997 година. Оттука не само ние пратениците, туку и граѓаните, а на крајот произлегува дека и Владата на РМ, што е за жал, не знае колку проценти од општествениот производ се издвојува за покривање на вкупната јавна потрошувачка, а во рамки на тоа колку е учеството на Буџетот на Република Македонија. За ова неколку пати сме спореле во овој законодавен дом, но податоците на статистика се едно, на Влада друго, податоците што излегуваат во средствата за информирање се сосема трето.

Со оглед на ова предложениот ребаланс на Буџетот е направен, според мене, без комплексни истражувања и целосни сознанија со еден збор спонтано впрочем така како што се остварува целокупниот економски живот во нашата држава.

Намалувањето на приходите и расходите на Буџетот за 1997 година се близу 2,9 милијарди денари е неприфатливо според мене и сметам дека не само пратениците, туку и јавноста се става во заблуда дека со тоа се врши некаква разумна рационализација на буџетските трошоци.

Имено, според мене, главните причини за ребалансот, пред се, за намалување на Буџетот не се објасненија дадени за прв пат од ова министерство со едно многу кратко и штуро образложение, кое не е за првпат, кое беше пропратено со ребалансот за денешната седница и сметам дека причините лежат во нешто друго. Пред се вистината е

во натамошната евазија на даноците во Република Македонија, царините и таксите и неспособноста на оваа Влада да ги наплати проектираните приходи во Буџетот. Ниското ниво на наплатените приходи по разни основи не ја зголемува можноста за инвестирање на претпријатијата , туку и натаму создава група на богати фирми и луѓе блиски на владината позиција кои собраните пари најверојатно ќе ви користат во наредниот период.

Ниското ниво на неплатен данок на доход значи дека овој ненаплатен данок на доход значи дека нашата економија е крајно осиромашено дека немаме доход и аналогно на тоа ќе немаме ниту данок од доход. Согласно со тоа ќе имаме се поголемо присуство на загуби и дефицити токму во економијата на земјата.

Не знам во овој момент колку е оправдување и тоа што се смета дека и приходите по основ на царини се како резултат на промените на царинското оптоварување утврдени со новиот тарифник, бидејќи за тоа ние како пратеници не располагаме со тоа односно со некоја поопсежна анализа односно не располагаме со никакви податоци освен сувопарно со две-три бројки по однос на тој план. Сметам дека на тој план реалноста треба да се бара во нешто друго што со многу голем број на одлуки на Владата на РМ се ослободуваат голем број на фирми кои се блиски на Владата за плаќање на царина за одредени увози при опрема или друго. Со тоа се создава една атмосфера на нееднакви услови на стопансиување помеѓу фирмите во РМ.

Но, би се префрлил сега на расходната страна онака како што популарно го викаме трошоци на Буџетот. Јас целосно ќе се согласев за намалувањето на расходната страна односно на трошоците на Буџетот ако тоа намалуваше ги опфатеше таканаречените тековни трошоци односно материјални трошоци, тековните трансфери и услугите кај буџетските корисници. Но, несфатливо и по моја оценка неразумно е

IV/8.-

Владата да предлага намалување на буџетските позиции што се однесуваат на инвестициите или како во Буџетот се означени како капитални трошоци како и на средствата со кои требаше да се поддржува стопанството во РМ со поволни кредити се разбира преку таканаречениот депозит на Буџетот на Народната банка на РМ. Навистина несфатливо и неразумно повлечен потег кој според мене сметам дека и те како уште понегативно ќе се одрази на вкупната економска состојба во РМ.

Намалувањето на средствата за инвестиции главно се однесува на преполовени средства за изградба на патната мрежа потоа скоро преполовени средства на Агенцијата за недоволно развиените подрачја и кај програмите за опремување со компјутери таму каде што светот инвестира со цел обезбедување на иднина и вработување. Оваа Влада, според мене, во тоа гледа обратно од она што го прави светот и гледа во тоа заштеда како што се вели во образложението, а од друга страна се декларира се разбира вербално за нов циклус на инвестирање и вработување.

Секој би се прашал не само од нас присутните, туку и граѓаните со што Владата ќе направи нов инвестиционен циклус и ќе вработува армија од невработените ако не обезбеди средства за инвестиции? И не само ова. Намалувањето на средствата за инвестиции го прави на крајот од календарската година кога голем дел од инвестиционите работи се договорени и фактички завршени. Ова објективно значи пренесување на дефицитот од Буџетот на претпријатијата. Тоа значи дека Владата и органите на управата повторно ги прават претпријатијата дека се тие што се неликвидни наместо дефицитот да го искажат и направат во Буџетот на Република Македонија.

На неодговорната владина политика кон стопанството особено упатува намалувањето на средствата од Буџетот за поддршка на

стопанството преку монетарната политика во износ од 1,8 милијарди денари.

Овие средства преку аукцијата на Народната банка на РМ односно преку банките требаше да се пласираат во стопанството или поточно со нив требаше да се поддржат извозните претпријатија. Знаете ова се оние средства кои декларативно Владата велеше дека преку Народна банка и преку банките ќе им ги дава на претпријатијата и со тоа ќе ги намали каматните стапки во Република Македонија и ќе го зголеми обемот на инвестициите односно поповолно кредитирање.

V/1.- РД/ЉР

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

Противно на декларираната Владина политика овие средства се укинуваат, а со тоа излезот на стопанството не добива навистина ништо, со што неговата економска положба крајно се влошува и прашање е кога и тие ќе престанат со производство. Средствата за изградба на објекти за недоволно развиените подрачја се предлага да се намалат за половина од утврдените со Буџетот кој што беше усвоен на крајот на минатата година.

Со вака намалениот обем на средствата за неразвиените подрачја, наместо декларираната законски определена цена да изнесува 1% од општествениот производ, како што е утврдено со Законот, тие според ова би се свеле негде на околу 0,20%, или 1/5 од потребните и утврдените. Намалувањето а овие средства ќе ги намалат инвестициите во неразвиените подрачја, ќе ги оставиме селата без вода и понатаму без училишта и амбуланти. Ќе ги испразниме нашите полупразни села ќе ги оставиме нашите за оној дел од каде што јас доаѓам, како што практикува мојот колега Тантаров да реши дека се тоа селата покрај границата без население. Неизмирените обврски на Агенцијата кон градежните и други фирми значително ќе се зголеми и со тоа ќе се запре секоја можност за подобрување на економата положба на неразвиентие подрачја.

Јас се прашувам дали навистина г-да пратеници токму еден ваков пристап ни треба во овој момент. Можеби тоа е некој однос на оние кој што ги добиваат гласовите по селата и на ваков начин им возвраќаат.

V/2.-

Спротивно на ова Владата предлага зголемување на трошоците за социјална заштита на населението, за покривање на дефицитот на Заводот за вработување, за јакнење на тековните резерви во РМ. Ова не сакам да се сфати дека сум против водењето на социјална политика и обезбедуваше на потребните финансиски средства во социјалните фондови. Напротив, сакам да кажам дека никој од граѓаните на РМ не сака да биде социјален случај, никој од граѓаните на РМ не сака да чека пред вратите на заедницата за вработување, туку напротив сака со една акти! на економска политика да му се овозможи да има активен работен однос во РМ. Во спротивно сметам дека Буџетот ќе го претвориме во една социјална установа и наместо социјалните проблеми да се решаваат со инвестирање и вработување на луѓето на трајна основа, ние и понатаму ќе се соочуваме со се поголем број на социјални случаеви.

Она што посебно зачудува и министерот во своето излагање сакаше да го дообјасни и да го доближи до нас пратениците е прашањето на издвојување на средства за тековни резерви.

Според мене, средствата за тековни резерви не претставуваат ништо друго, туку неразграничени трошоци кои се доволно познати и лоцирани. Јас морам да ви кажам она што деновиве, и денес имав можност да го прочитам во Нова Македонија. Изгледа во оваа држава се повеќе и повеќе истите надлежни министерства создаваат црни фондови. Зошто го велам ова? Од многу едноставна причина. Доколку средствата од тековни резерви се распоредат со стапките од Буџетот и се лоцираат точно зашто ќе се трошат, тогаш ќе не може да се врши нивна пренамена и нив слободно располагање од страна на Владата со тие средства. Во овој случај се сака со 750 милиони денари кој што треба да бидат за пензионерите ноќе ги чуваме како резерви ако не ни достигнат, на овој момент смета не ни се потребни сметам дека нема да

се искористат за тоа, туку ќе се искористат послободна проценка, што сметам како пратеници тоа не смееме да го дозволиме. Затоа, не само јас, туку и неколку други пратеници имаат поднесено амандмани, каде што овие тековни резерви треба да се прераспределат на други трошковни правци, ОДНОСЈ на ставки познати за наменети трошоци и тоа за ставки за развој на недоволно развиените подрачја на РМ за Програмата за патишта и Програмата за водовиди во РМ.

Ќе изнесам и две несфатливи според мене ставки во предложениот ребаланс на Буџетот на РМ, кој во услови на девалвација на денарот остануваат исти во ребалансот. Се работи за следниве ставки: за отплатата на надворешниот долг и каматите на странски кредити во цврста валута кој се точно определени во РМ да ги врати. Ако имавме девалвација од 16% на денарот, нашата обврска кон странските кредитори во цврста валута останува иста. Нене ми е несфатливо зошто во денарски износ, во ребалансот на Буџетот се предлага истиот износ кој што беше предложен во Буџетот од крајот на минатата година. Оттука и вака предвидениот буџет сметам дека не е урамнотежен односни фактички дека има дефицит, за кој што Владата треба да предложи извори за нивно покривање.

На крајот кога сме кај девалвацијата би рекол и следново: навистина се повеќе се сака да се збеди јавноста како девалвацијата немаше никаков одраз на порастот на цените во РМ. Прво, факт е дека има зелениот пазар има пораст на цените во РМ. Второ, до ден денешен никој од Владата на РМ не успеа да ја збеди оваа јавност дека порастот на цените е запрен како резултат на некои економски мерки. Сметам дек вистината е сосема друга. Се пристапи на методот кој што беше на едно друго време. Се викаа директорите од претпријатијата на разговори и им

се кажуваше да не ги зголемуваат цените, или оние што ги зголемија да ги вратат. Кажете ми со кој економски мерки го убедивте и директорот на Млекара од Битола да го врати млекото на таа цена кој што тој прво ја предложи. Јас сум убеден дека не е по економски мерки, туку е врз база на притисок. Не велам дека требаше да ја зголеми цената на млекото, туку врз база со кои економски мерки се врати таа цена, врз база на поекономски мерки само после два дена од кревањето на цената на маслото за јадење директорот на фабриката за масло во Велес ја врати цената, за тоа потврдуваат и принципите на гранките дека директорот беше викнат во кабинетите на Владата на РМ и му беше наредено ако не ја врати ќе има други реперкусии. Јас би завршил со тоа дека досега барем во јавноста не е изнесена ниедна економска мерка со која што тие цени беа вратени, напротив тие се вратени врз база на принуда врз тие раководители.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Дека има потреба од ребалансот на Буџетот е факт и јас то поддржувам предлогот. Моето излегување на говорница е поврзано пред се поради симнувањето на средствата за истражување и не соодветниот однос односно третман на рударството во РМ.

Почитувани пратеници, ако во поранешна Југославија на оваа област и се даваше и те какво значение, дури постоеше Министерство за рударство во сегашна РМ нема ни служба, одбор или фонд, или уште повеќе од тоа.

Гледајќи ја состојбата со рудниците на кој претходни геолошки истражувања им е неопходни за нивно отворање, а потоа и

експлоатација местото кое им се дава и во Министерството за стопанство и финансиската помош е испод секакво ниво. Не можам да се помирам со тезата дека нашиот простор е доволно истражен и нема потреба од натамошно доистражување. Потреба има и те како. Не само за одржување на постојната експлоатација, туку и за изнаоѓање на нови минерални суровини, кои според моите сознанија на простотот на РМ ги има доста како метални, така и неметални суровини.

Тешката материјална состојба на рудниците многу би се олеснила ако имаме детално и квалитетно истражување. Нам ни требаат многу детални податоци со кој минерални суровини располагаме. во Законот за рударство, т.е. Законот за минерални суровини, кои не е влезен уште во собраниска процедура се предвидени концесии. Во многу поповолна состојба ќе биде концесионерот ако има доволно и квалитетно истражена минерална суровина и ќе се добијат многу пореални цени.

Конкретно во врска со поднесениот амандман во кој се бара зголемување на стапката од 5.милиони денари со усвоената програма за доистражување се доведува во прашање извршувањето на критичкиот обем на геолошкото истражување на подземни води на метални и неметални суровини. Ете тоа би било образложението по амандманот да не би излегувал повторно мислам дека барам во донесувањето на Буџетот за наредната година на оваа гранка треба да и се посвети поголемо внимание бидејќи е потценето, да не речам, за геолошки истражувања од 23 милиони да се бара на 15 милиони наместо да се бара зголемуван се предлага смалување, меѓутоа тоа што е тука тука е и мислам дека Министерството во наредниот период ќе има разбирање за оваа работа.

V/6.-

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници,

Со целиот респект на образложението што го даде министерот за финансии в о рска со донесувањето на ребалансот на Буџетот за 1997 година, сакам да поставам неколку прашања токму во деловите каде што имаме намалување на фактите на Буџетот, а за што при донесувањето на Буџетот се расправавме дека и тие средства кои што во тоа време беа недостапни сега се намалуваат. Кога ќе дојдиме до тие стапки, ќе образложам. Но пред тоа сакам да поставам едно прашање. Мене не ми е јасно, не ми е струка. Во стапката од средствата од персоналниот данок мислам дека ако го знаеме процентот на вработеноста, ако ги знаеме личните доходи, од прилика треба да знаеме колкава ќе биде стапката на планираните средства во оваа стапка на Буџетот како приход, но сега кога гледам дека тука имаме неостварвуање, се прашувам во што е проблемот. Дали имаме намалување на вработувањето, или пак имаме се поголем број на работници кои не примаат личен доход, односно не го оствaруваат правото за лични доходи.

Во другиот дел сакам да повторам едно прашање тоа е што произлегува од Службата што ја обавувам, односно во разделот за Министерството за здравство, каде што и кога се носат со буџетот сметавме дека во превентивниот дел тој планиран Буџет за 1997 година не може номинирало да ги покрие трошоците, што мислам дека е битна стапка, заради тоа што не можеме да намалуваме во делот на заштитата на мајката и детето, па да намалување во стапката во делот на обврските на Министерството, по членот 17 од Законот за здравствена заштита, затоа што сеуште има една категорија на осигуреници, кои што

треба да обезбедат одредено право на здравствена заштита. Ако се намалуваат овие стапки на Буџетот не знак како ќе ги остварат овие права. Тоа е во делот на капиталните трошоци. Познавајќи какви се состојбите на објектите во здравството, каде што им треба ако не градење на нови објекти, но санација, затоа што доста објекти градени од подолг период се на прагот на распаѓање и им треба одред( санација, било во делот на отпадните материи, водоводи, или она што значи обновување на самите објекти и минималните средства кои што беа предвидени за Буџетот за 1997 година сега комплетно се бришат. Само да напоменам во 1996 година со буџетот на капитални трошоци во Министерството за здравство беа предвидени 93 милиона и мислам дека заради дефициотот на Буџетот скоро не се искористени или минимално се искористени. Сега и овие минимални средства кои што беа предвидени во Буџетот за 1997 година, ен само што не се искористени туку и се бришат. Мислам дека Министерството за финансии, заедно со Министерството за здравство,а мислам и министерството за здравство укажувало на проблемите во овој дел, треба да се најде некое решение да не се избришат барем да не дојде на нула оваа стапка што мислам дека се прави еден чин кој што автоматски се занемаруват потребите во делот на санациите на овие објекти. И она што е во делот на намалувањето на средствата во Агенцијата за развој на неразвиените на ридско-планински подрачја,каде што еден дел се издвојува и за санација на амбулантите, или се градеа амбуланти во руралните подрачја во Државата, сега не се дава и таа можност. Што значи Буџетот ги скратува по два основа потребите во овој дел. Па еве, не сакав ни амандман да поднесам, меѓутоа еве едно размислување за понатаму, многу набрзо ќе следи донесувањето на Буџетот за 1998 година, мислам дека при првањето на овој буџет треба Министерството за финанси малку да размисли во овој однос и овој проблем да не го става на страна, но да му

даде одредена важност, затоа што има такви потреби и тие потреби треба на некој начин полека да се решаваат. Верувајте дека се за ова што зборував, мислам дека е некако отфрлено без да му се даде соодветна важност и соодветна потреба која што денеска ќе налага во расчистувањето и решавањето на проблемите. Многу тешко ќе биде са снимаме филмови, како што беше со културата за состојбите на објектите за здравствена заштита. Мислам нема потреба од такви филмови ако овдека се разбереме и да имаме одредени сознанија во тој дел да се помогне и со Буџетот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потретседаееле, почитувани министри, почитувани пратеници,

Како што чувме од излагањето на г-диниот Министер, главната суштина на измената на буџетот на РМ за 1997 година се состои во намалувањето на изворните приходи, а со тоа и на расходите во износот 2.890 милиона денари. Ова како генерално констатирање на намалувањето на јавните приходи така да кажам и растоварување во сферата на јавните давачки е за поздравување и тоа едната страна на видувањето на аргументирањето на ребалансот на Буџетот. Од друга страна,а исто така и сомневање можат да се третира и до аспект на тоа поради лошото предвидување во донесувањето на Буџетот како и поради лошата и економска политика, односно нереализацијата на предвидувањето од таа економска политика, со самото тоа и државата не е во состојба и не може да ги собере средствата потребни за функционирање на државните органи и остварување на државните функции.

Втората констатација што не е одминливо за оценување по однос на ребалансот на Буџетот се однесува во таа опсервација која провејува

низ целокупниот ребаланс на Буџетот,а се однесува на намалувањето на капиталните трошоци и трансфери. Тоа исто така од една страна е за одбележување во позитивна смисла, но од друга страна има и своја негативна смисла.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Таа негативна смисла се однесува најповеќе на тоа што, баш со намалување на таквите капитални трошоци и трансфери, фактички и се намалува втората функција на буџетот односно неговата економска функција, визави фискалната функција, а која пак има една од основните цели, интервенции, помагање поддршка и стимулирање на стопанството и земјоделието.

Трета работа која што е исто така за одбележување, тоа е алокацијата на некои намени во позициите на буџетот. Тие се срочени со една видлива, да кажам, насока кон концентрација на средствата во Министерството за финансии, по неколку основи. Имаме и воведување на некои нови позиции кои до сега не биле, а од друга страна имаме фрапантно зголемување на тековните резерви. Имаме позиција од прецизно неопределен карактер со намена - останати тековни трошоци. Имаме нова позиција за плаќање на хуманитарни организации итн.

Секако најзначајно за одбележување е зголемувањето на позицијата тековни резерви и со една квалификација, за мене воопшто неприфатлива, како што стои за разновидни трошоци. Со ова фактички, ако го споредиме објаснувањето што стои во образложението на ребалансот и што го кажа министерот дека еве во образложението се дава едно објаснување дека тоа е за намени, ако настане некој дебаланс и во социјалните фондови, или ако настане зголемување на капиталните трошоци и трансфери дека за тоа е таа - намена, така зголемената тековна резерва со, ќе потенцирам, начелна формулација за разновидни трошоци. За мене тоа објаснување не е доволно. Сметам дека со ваквата концентрација на овие средства во едно министерство, а со кажување намена во социјална свера, или за сите капитални трансфери и трошоци, а на почетокот реков дека тие капитални трошоци и трансфери фактички се и во земјоделието, тие се и во стопанството, тие се и за оние јавни потреби кои по функција ги финансира државата да се концентрирани исклучиво во Министерството за финансии со една таква начелна формулација, неодредена, непрецизна, неконкретна, мислам дека е недопустливо. Визави тоа имаме исти податоци наведени во

Ребалансот во делот на стимулациите за извоз. Имаме намалување на премиите за земјоделие. Имаме намалување на оние усогласувања за интервенција на државата со неопходните средства за оние локални самоуправи, за кои се сеќавате во голем број овде ги основавме и сега, исто така, голем број од нив и не знаат што да прават со изнаоѓањето на решенијата за средства за остварувањето на основните функции. Едни од нив јас ќе ги застапувам како пратеник. Тоа се општините Росоман и Конопиште.

Понатаму имаме намалување баш на оние фондови кои се од јавен карактер и значат интервенција и помош на државата за побрзо разрешување по општините, на многу витални комунални објекти, како што е изградба на водоводи, канализации, изготвување на просторни и урбанистички планови. Се укинува фондот за развој на цела ревитализација на села. Се намалуваат средствата во неразвиените подрачја.

Сега, заради сите тие намалувања, како компензација се за сето тоа. Тука е и едно објаснување што го потенцира министерот, се аргументира едно образложение дека за намените во тие интервенции од јавен карактер за финансирање на државата за одредени намени, сите ќе бидат концентрирани во надлежноста на Министерството за финансии. Сметам дека со тоа прво се анулира и се негира законодавната функција на Собранието. Понатаму, се девалвира позицијата улогата и надлежностите на конкретните министерства. Ако е на пример Министерството за труд и социјална политика, Министерството за стопанство или Министерството за развој и тоа е надлежно за остварување на одредени трансфери, тие средства треба да се распоредат таму, а не неодредени концентрирани во Министерството за финансии и да се даваат сомневања дека еве тоа се за некои намени кои се по некоја оценка на некој орган, а не со закон одредено донесување на ребалансот од Парламентот и со децидна распределба на тие средства со намена по односните министерства.

За пример на она што претходно го зборував ќе го коментирам само случајот со стимулациите за извоз.

Ние, исто така, со Буџетот, фактички усвоивме една одлука да има стимулации за извоз. После донесувањето на овој наш буџет веднаш уште вториот месец Владата со своја одлука ги укинува, тоа се вика

враќањето на царините за извоз на индустриски и земјоделски производи. Еве, еден типичен пример за она што законодавниот дом одлучил, за што како политика го насочил на менувањето на средствата на државата конкретно една помош на извоз на ориентираното стопанство и земјоделие. Веднаш после два месеца со одлука на Влада тоа е укинато. За жал тоа и сега фигурира како позиција со изговор дека на таа позиција нема средства, дека се тие потрошени, и навистина е голем бројот на претпријатија кои имаат за земање од државата обврски по основ на извоз на производи. Јас знам, тоа е и Фенимак - Кавадарци и Тиквеќ-Кавадарци и голем број на приватни претпријатија од Кавадарци кои што јас ги застапувам.

Ќе го потсетам министерот кој објаснува дека приоритет во исплатата давале на заостанати обврски. За тоа конкретно е прашањето, дали е точно тоа што јас го велам и дали во наредниот период се предвидува враќањето на царини, како што е наречено стимулации за извоз, од реализиран извоз во 1996 и почетокот во 1997 година кога вачело враќањето на царини односно стимулациите за извоз.

Второ прашање во однос на тоа, а јас како пратеник имам сознание дека еднаш постојната пракса да можело тој долг на државата спрема претпријатијата на кој се повикува и предлагачот и што е во тој дел што тој го образлагаше, за поздравување, зошто пак кога има случаи на должење на државата спрема претпријатијата, од обратен случај, истиот тој субјект претпријатие како правно лице должи на државата по основ, да кажеме на царини, во претходниот случај има за земање стимулации од извршен извоз, а да не може да се компензира долгот на државата по основ на стимулации за претпријатијата, компензација со обврската на тоа правно лице и претпријатие со делот на царината. Мислам дека тоа е една многу практична мерка и дека и Владата и надлежното министерство се афирмираше во делот на политиката на мултилатерална компензација во која новина беше и државата односно Владата. Мислам дека ова е еден практичен пример кој не функционира, тоа што како политика е декларирање на Владата.

Трето прашање по истиот проблем е следното:

Мислам дека прелевманите кои исто така се една висока ставка во приходите на буџетот, тоа се царините и други увозни давачки. Дали Владата или Министерот за финансии размислуваат тие кои се даваат

при увозот и на индустриски и на земјоделски производи, посебно за земјоделските производи, има многу основаност и логичност, тие средства да бидат наменети за компензација за високи каматни стапки кои што, да кажам, еве јас повторно бидејќи од тој крај сум, се користат за кредити конкретно за откуп на грозје, на јаболка на ориз итн. Мислам дека основот за стекнување на таа давачка за буџетот е многу логичен и има аргументи повторно да се врати во тоа земјоделие но во конкретниот случај, еве мој предлог е и прашање за изјаснување на министерот за тоа, средствата од прелевманите што се добиваат при увоз на земјоделски производи да се користат за компензација, за намалување на сега, навистина многу високите каматни стапки кои ги користат земјоделските откупувачки претпријатија.

На крајот едно прашање кое исто така провејува во забелешките по овој ребаланс. Тоа е прашањето по однос на приходната страна на Буџетот по основ на персонален данок. Сигурно забележавте дека тој се намалува. Веднаш по тоа е логичката констатација дека намалувањето на тој извор на приходи на буџетот е поради зголемувањето на бројот на невработените во Република Македонија, што е еден негативен показател и за самата Влада и за самиот предлагач.

Во исто време, исто така, во најголемиот број органи на државата кои се корисници на буџетски средства имаме одреден степен на пораст на бројот на вработените во органите. Ваму имаме зголемување на невработеноста на ниво на Република, еден тренд на вработеност во органите на државата, а пак кај тие вработени во органите на државата имаме стагнација и веќе подолго време загрижувачко замрзнување на платите на вработените во органите на управата чии плати се обезбедуваат од Буџетот. Пред се тука се мисли и на вработените во Министерството за внатрешни работи, образованието сакам да го потенцирам и други корисници на буџетски средства за нивните веќе подолго време загрижувачко многу ниски плати.

На крајот прашањето за тековната резерва. Она што е образложение мислам дека треба да се конкретизира. Таа тековна резерва и нејзин од 750 милиони и образложението што е необавезен дел на Буџетот дека тоа е за, ако настанат некои дебаланси во социјалните фондови или за интервенции во стопанството и

земјоделието. Добро е да не стои неодредено, тие 750 милиони одлучува министерството или министерот за финансии или Владата, туку да стои дека тие се за приоритет, социјални фондови и за интервенции за помош и стимулации во стопанството и земјоделието.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници

Неколку збора во врска со ребалансот на буџетот кој е на дневен ред.

Прво, секое намалување на одредена категорија на зафаќања гледано од аспект на стопанството е позитивно. Бидејќи за Буџет на РМ сметам дека со ова ќе се придонесе да се задржи инфлацијата, како прво, на она ниво, покрај оние законски мерки што ние ги донесовме во делот на замрзнување на платите, ако тие во основа се како непопуларни, гледано од економски аспект. Втората работа што ја сметам како позитивна, тоа е задржување на параметрите на макроекономската политика што ние ги донесовме оваа година и тоа ниво мораме да го задржиме и не се согласувам со онаа констатација дека не ни се познати.

Параметрите од макро економската политика и движењата во нашата држава ни се познати, земајќи ги извештаите од статистика, а можеме и во печатот да го сретнеме.

Втора работа што ја сметам како позитивна е тоа што стопанството во основа го растеретивме и со оној закон што го донесовме од 30 до 15 и со дисконтот од 70% што овој парламент го донесе. Во буџетот влегува само една стапка. Тоа е персоналниот данок.

Третата работа е намалување на царините.

Со овие три работи што се подобри.

Имаме директно подобрување на ликвидноста во претпријатијата. Не до крај, но во секој случај се подобри. Понатаму стапката на акумулацијата. Ако 15% ти останат повеќе од добивката, во секој случај е потенцијал за да инвестираш.

Четврта работа е ново вработување.

Трета категорија што често се спомнуваше на оваа говорница, тоа е процентот на зафаќањето или учеството на општата и јавната

потрошувачка, или буџетската потрошувачка во целина земено во општествениот производ. Со намалувањето овој процент се намалува.

Сега се поставува едно прашање гледано од економски аспект, тоа е прашањето, што е оптимално, односно кој е оптималниот буџет што РМ, треба да го поднесе. Тоа е она што наспроти стопанството и наспроти потребите како трошоци што се на државата што ги финансира буџетот.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:(**Продолжение)

Тој оптимум ние во ваква економија, не стабилна, транзициона , би рекол во овој период, и во вакво опкружување на дел на соседство кое се наоѓа во сериозни економски проблеми многу е тешко до- крај да се испланира. Затоа овој пат сметам дека процентот што го очекува Министерството и минатата година што се изврши од 94% е процент од аспект на планирање навистина за почит. И во повисоко развиени стопанства и економии во светот министрите кога ќе го планираат Буџетот процентот кога ќе го достиган до 80% едноставно се релаксирани. како пример беше спомнат министер на една земја дека заминал на годишен одмор. А додека во Република Македонија при вакво нестабилно стопанство, факт е и вистина дека постои кванташки, да предвиди со сите свои виртуозности нештото на остварувањето, или потфрлувањето. Дали тоа ќе биде кај данокот на промет или било кај акцизите. Но министерот што ја изнесе овде бројката 70% тоа не е евазија, апсолутно не. Со тоа не останувам со тоа што во доменот на контролата ние сме неидеални. Ниту ќе бидеме и нема земји во светот каде што е најидеално. Сум присталица и бев присталица на оваа говорница делот на контролата како превентивна мерка, или репресивна која го полни Буџетот да го измениме ние пристапот особено кај делот и на пазаришната инспекција и на ревизиите кои закони во овој Парламент треба да следат.

По некое правило економско прво се планираат трошоците, расходниот дел односно да видиме што ни треба како држава, а после тоа оди приходниот дел.

Немам намера да завлегувам во структурата на самиот расходен дел бидејќи сметам дека Министерството е тоа односно збирот на министерствата и во целина Владата се тие што засебно ги предвидуваат тие ставки.

Сакам да дадам еден коментар на резервите. резервите како категорија постојат и во Буџетот, постојат и во фирма, постојат и во домаќинства. Целта, намената е тој што стопанисува, овој апт Владата, кај фирмата газдата, а дома домаќинот, тоа е тој што треба да ги расподели, а ќе ги расподели, ќе интервенира каде - каде што има нарушени текови или каде што има нарушени текови. Ако е дома, ќе оцени дали тоа ш" бидат за дрва, за огрев или за учебници, ако е во фирма дали ќе инвестираме, или ќе ги потрошиме аз плати, ќе ги изедеме ако е држава државата е таа што ќе оцени во моментот ако се пореметени овие параметри на економска политика, макроекономска политика, Министерството, Владата е таа што треба да интервенира. Ако тука се бара доследно да е поднесе извештај јас сум убеден дека после месец или два истите ние или Владата ќе побара таа рамка да се помери, ново ребалансирање. Владата и било која власт има право со дел на тие резерви да интервенира дали во Фондот аз социјала, или в Фондот за пензиско, за земјоделието или незнам каде.

Сум во принцип за помал Буџет и ние пратениците, тоа е правил секогаш да бараме помал Буџет, помала буџетска потрошувачка, а Владата е таа која треба напротив да бара поголем Буџет, да го штити на некој начин стопанството и сите оние што го полнат Буџетот.

Сметам дека треба да се даде поддршка на оваа измена.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада-та, почитувани колеги,

VII/3.-

Ми се чини дека оваа година Министерството за финансии беше вредно и успеја во еден рок во однос на минатата година, дваипол месеци пред завршетокот на оваа година да ни достави еден рестриктивен ребаланс на Буџетот аз да можеме при разгледување на тој ребаланс дефинираме каде и како ќе се префрлат или ќе се одземат оние средства кои беа планирани , некаде 890 милиони како дефицит. Од каде ќе се земат за да се надополнат на оние места каде што требаат и треба да функционираат, и стопанството и одредени други вонстопански дејности.

Досега сигурно дека и како пратеници, па и Комисијата за финансирање требаше да добие било каков извештај аз извршувањето на самиот Буџет. Ние немавме прилика досега како пратеници да добиеме извештај како досега се реализираше тој Буџет во текот на оваа година, каде со параметри, со точни податоци, на кои места имаме контрола на тие буџетски ставки. Сигурен сум да еден таков извештај ако го до- биевме на време немаше да дојдеме во ситуација со еден ребаланс, кои навистина со едно претходно објаснување на министерот односно извештај кој го добивме вчера добивме никаква слика како, зошто и каде се потрудило во реализација на Буџетот.

Крајот на минатата година кога го усвојувавме Буџетот јас дискутирав во врска со амбицијата на тој Буџет, како и сите други пратеници, посебно од Демократската партија напомнавме дека буџетот навистина е преамбициозен и дека се базирана некои нереални претпоставки. Тоа и се покажа во овој случај, бидејќи факт е дека остварување 69,7 3% досега не преставува некаков одраз на реално предвидување на Буџетот минатата година, а и прибирање на сите тие изворни приходи кои се неопходни за полнење на таа државна каса.

Имено очигледно е дека при донесувањето на Буџетот минатата година беше кажано дека тој се базира на проектираната макроекономска политика и дека со стриктно спроведуваше на таа макроекономска поли- тика требаше да се овозможи нов инвестиционен циклус на нашата држава, отворање на нови работни места, нови производни капацитети, санирање на постоечките капацитети. Едноставно да се создаде амбиција на јако стопанство, на една јака динамика на стопанството за да може токму од тие извори од стопанството да се потполни државната каса.

Во овој случај чинам дека таа макроекономска политика тотално потврли од аспект на инвестициите. Ние очекувавме било домашен капитал , било надворешен капитал дека со прибирање на таков капитал, внесување на инвестиции посебно во стопанството, во нови производни капацитети реконструкции и т.н. да се овозможи нов динамичен циклус во стопанството, отворање на нови работни места, една динамика која ќе гарантира дека навистина тој Буџет ќе се реализира. Но со други зборови до крај, за овие два ипол месеци ќе се овозможи тој процент од 94%, што е планиран од Министерството за финансии ќе се реализира. Јас навистина не верувам дека со оваа ликвидност во стопанството, со ова производство што го имаме сега, со оваа безработица и воопшто со овие стопански движења што ги имаме сега, навистина некаде за дваипол месеци ќе се овозможи Буџетот да се надополни до 94% , што е навистина висок процент.

Посматрајќи ја структурата на изворните приходи, ние како што беше кажано во извештајот очекувавме, приходи од 41 милијарда 320 милиони денари од кои се реализирани 69,73%, или во структурата кажано акцизите реализирани со 74,75%, персоналниот данок. со 71,10% не даночните приходи 91,61%, царините 60,63% и данокот на добивка е

само 46,33%. Значи најголемото потфрлување што воопшто го имаше во оваа структура на изворните приходи на Буџетот е токму во данокот на добивката. Имено кога го усвојувавме Законот за добивка јасно беше кажано дека намалувањето од 30% на 15% треба да услови сите субјекти во стопанството кои оствариле некаква добивка им се овозможи една динамика во нивната реконструкција, динамика во градба на нови производствени кабли, динамика во отворање на нови производни места на нови вработувања и т.н., што значи дека ефект од намалувањето на тој процент од 30 на 15% требаше токму тоа да значи дека ќе се реализира помал данок на добивка благодарејќи на таа инвестиција што требаше да се вложи во стопанските субјекти.

Имено, ако беше планирано данок на добивка до 2 милијарди и 348 милиони денари очекувано некаде 1.237 милиони денари значи останува некаде околу милијарда денари за овие дваипол месеци, колку што ги има до крајот на годината да се инвестира во различни субјекти во стопанството благодарејќи на тој процент што е останат од тие 15%, или во овој случај изразено во денари една милијарда. Значи да овозможат нови зафати во стопанството, реконструкција и градба на нови погони, на отворање нови работни места, овозможат еден приход во делот на изворните приходи од една милијарда. Навистина е тешко да се поверува. Наместо ние да овозможиме со еден ваков процент на намалување од 30 на 15% овозможиме со додатни инвестиции на тие стопански субјекти, тоа значи со земање на кредити било на домашен пазар, капитал, било од надворешен пазар да овозможиме тие стопански субјекти навистина да инвестираат во градба на нови погони, отворање на нови работни места и автоматски да се зголеми квантитетот на фирмите и субјектите кои можат да плаќаат 15% данок на добивка и да се надополни овој процент , кој е навистина поразен на 46%, ние

практично овозможивме и оној странски капитал што доаѓаше во нашата земја со други банкарски услови, кои се апсурдни за нашето стопанство, не прифатливо да им овозможиме тој капитал дојде во стопанството, дојде во малото стопанство, дојде во средните фирми и практично да им овозможиме и овој остаток од 15% данок на добивка овозможиме нов циклус на инвестиции, нова динамика на инвестиции во стопанството.

Сметам дека парите што лежат во банките, кои се неискористени и високи проценти на камата, 14% , со кратки рокови на враќање, со мал грејс период и т.н. само придонесуваат навистина да не се реализира макроекономската политика во однос на инвестициите, туку овозможуваат да не се создаваат нови вредности во стопанството од аспект на создавање на нови производни капацитети и вработување нови луѓе односно проширување на простата репродукција. Практично и податоците покажуваат токму тоа. Само 8% од општествениот производ е инвестиции на стопанството, а морам да кажам дека при просечна амортизација од 10% , од аспект на општествениот производ и технологијата во стопанството навистина се поставува прашање како ќе се изврши таа амортизација на постоечката амортизација од 10% кога вложувањата се само 8% од аспект на инвестициите кои досега се реализирани.

Исто така и трговскиот дефицит од 10% во однос на општествениот производ, ако се земе дека општествен производ е некаде 5 милијарди денари, према податокот што фигурира, при таков дефицит јас не верувам дека постојат реални шанси навистина за еден краток период да се реализира процентот од 94%.

Јас не би навлегол во некои структури, во она што беше презентирано во ребалансот од аспект што повеќе можеби прашања ќе

бидат, а и забелешки за средства кои останувaат како такви, или пак некои се зголемени.

На пример во Агенцијата за разузнавање во ставката 401, тоа се предвидени средства за плати и наемнини во износ од 6 милиони денари, планирани, каде што еден милион е планиран за функционери, а 5 милиони за вработени во Агенцијата. Колку што ние знаеме во Агенцијата, барем мене не ми е познато, дека барем во овој момент постојат голем број на вработени , а прашање е колку постојат . Овие средства од 6 милиони денари и понатаму остануваат, па би сакал одговор за што се планираат.

од друга страна кај Владата на Република Македонија во потставката 426.130 - надоместоци за надворешни услуги и понатаму стојат средства предвидени за судски преведувачи за меѓународна правна помош во износот од еден милион денари. Вкупната вредност е милион и петсто илјади денари. Каде што исто така прашање е дали во овој момент во овој дел треба тие средства да останат на таа висина.

И претходните дискутанти спомнаа дека има намалување на одредени ставки посебно во одредени министерства на сметка на Министерството аз финансии.

Кај Министерството за одбрана и понатаму остануваат ставки кои се предвидени за репрезентација, за оперативните издатоци, други оперативни трошоци , кои исто така се во овој случај во структурата не прикажани детално, додека кај Министерството за внатрешни работи постои незнатно зголемување на платите на работниците, а јас накратко само да кажам дека интервенирав со амандман во однос на зголемувањето, ако не во однос на примањето на работниците кај вработените во Министерството за внатрешни работи, посебно за

оперативниот дел интервенирав со амандман да во делот на исхраната индиректно ако може на некој начин тие работници да бидат наградени од аспект на ризичноста на професијата која тие ја имаат при извршувањето на тие задачи.

Во дирекцијата за цивилна воздушна пловидба има знатно зголемување на ставката која се однесува , тоа е 401013 на платите на функционерите .Зголемувањето е 614 иљјади ; 401021 - олата кај вработените зголемувањето е 11.715 иљјади и се поставува прашање дали се однесува тоа на нови вработувања во дирекцијата за воздушна пловидба или се однесува на некои други трошоци кои треба да се прикажат.

Не би повторувал она што беше кажано дека навистина во овој случај земјоделството е ставено во една деликатна ситуација од аспект на трошоците, но веројатно во перспектива сигурно лошо ќе се одрази на самото земјоделство, па и воопшто на стопанството во нашата земја. Засега толку па во текот на амандманската расправа ќе се вклучам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада колеги пратеници. Општите насоки, определби на нашата парламентарна група веќе се искажани, не би сакал да ги повторувам истите но ценам дека продуктивно би било дека одредени насоки стриктно на одредени одредби во самиот Буџет ги прокоментирам за да навистина би имала ефект мојата дискусија ако не во овој ребаланс, барем за Буџетот за наредната година ко ќе се изготвува, за да не дојде повторно тие прашања да бидат покренувани во тој период.

Несомнено е дека овој Буџет ваков каков што е ќе се изгласа ќе се донесе, мислам ребаланс на Буџет но сепак ред е ние како опозициони пратеници да ги искажеме барем нашите забелешки по истиот.

Имено, во приходната страна на Буџетот симптоматично е големо отскокнување на , покрај оние приходи кои и самиот министер во самото излагање истакна дека процентуално се очекува намалување на приходите оние ставки како што се кажани . Една ставка во разделот 724 во под- разделот 7245-други неданочни приходи очигледно отскокнува од 300 милиони на милијарда со не така дебело образложение од каде се очекува од овој временски период т.е. во наредниот временски период вакви енормни вонредни приходи во Буџетот на Република Македонија, кога знаеме дека за основните ставки се предвидува заокружување на онаа предвдиена рамка од 94% реализација на Буџетот , иако ќе видиме до крајот на годината дали и тој износ процентуален воопшто ќе е можно да се дојде, затоа што главниот индикатор на прогнозите да буџетската ставка по однос на персонален данок, која очигледно ќе се намалува покажува дека и понатаму расте трендот на невработени, или на лица кои работат и не примат плата или примаат загарантиран личен доход, каде тој персонален данок нормално е во помал износ.

Оваа приходна ставка од прилика од 700 милиони навистина не слушнавме адекватно, а врз образложение по истата. Износот и цифра та навистина заслужува внимание повторно министерот излезе на говорница и кажа што и како се предвидува. Дали тоа не значи она најавување да од капитални продажби и трансвери во државава, што не значи да овој енормен приход буџетски не се предвидува да биде од продажбата на државниот капитал со кој државата во овој момент располага и зошто така нагло во овој период до крајот на годината се предвидува таа продажба да започне.

VII/10.-

Во расходниот дел повторно се јавуваат некои ставки кои навистина се дадени со недоволна аргументација и во самиот Буџет и во образложението на Буџетот и во излагањето шот го даде министерот покрај нормалното намалување на материјалните издатоци во Министерството кое се предвидува со процентуално намалување сепак треба да се каже дека материјалната страна на самите министерства е на крајно незавидно ниво и навистина не прилега на државен орган, на поодделно министерство или поодделна единица да тропа на врата на така слабите стопански субјекти за одредени помошти, донации, така наречени спонзорства за купување на хартија, аз најосновнтие потреби, за учество на одредени семинари на работниците на овие министерства, државни службеници за да изборат истите приклучок со оние нови трендови кои ги пратат во нивното секојдневно работење по однос на она што се случува во самата држава и во светот.

VIII/1

јм/св

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ** (продолжение)

Навистина треба рестрикции, но и ликот на самата извршна власт и на поодделните министерства треба да има одреден нов тоналитет навистина тие да бидат репрезенти на оваа држава, а не како што е во овој момент случај изгледот на самите министерства, износот на платите кои ги добиваат владините службеници е на едно навистина незавидно ниво, да не речам дека повеќе од пола службеници, посебно оние службеници со средна и со нижа стручна спрема кои се нормално во функција на самата извршна власт се на работ на социјални случаи. Како таа извршна власт ќе се грижи за останатите социјални случаи во државата кога и самите работници во тие министерства веќе се на работ на социјални случаи. Потоа имаме неколку ставки кои досега не циркулираа во буџетот, а сега се предвидуваат така да ставка нула имаме ставка во подраздел 444 трансфери по основ на субвенции 272.000.000, тоа најверојатно се оние средства кои се планираат да се издадат за ТАТ и останатите штедилници. Но, што ќе се случеше бидејќи тој закон веќе е во функција и на сила повеќе од три, четири месеци, зошто тогаш не се кажа дека во буџетот не се предвидени ставки, не е предвидена ставка, туку требаше да дојде еден ваков ребаланс па да таа ставка стапи во функција. Што ако наплатата на буџетот, мислам на буџетските донатори се одвиваше се во најдобар можен ред, дури да биде во претплата, дали тогаш ќе постоеше основ за почеток на функционирање на законот за ТАТ. Вака се надевам таа исплата ќе почне после донесувањето на овој буџет. Потоа имаме ставка давање на заеми и учество во дел од хартии од вредност за наплатени гаранции од 48.000.000 и 300.000.000 денари. Кои се овие гаранции кои дополнително Владата во овие наредни три месеци ќе треба да ги даде нормално од својот буџет, по кои основи, по кои задолжувања, дали се предвидуваат гаранции по наредни задолжувања кои во овие наредни три месеци ќе треба да следат како изненадување, или како редовно работење во Владата. И дали овие гаранции не можеа да се предвидат и во самиот буџет за 1997 година. Потоа ставката учество ва претпријатијата за загубари од 33.000.000, од нула повторно качување, дали таа работа со

загубарите, тој закон мислам дека е веќе вон сила, заврши нивната комплетна постапка за преструктуирање, затворање на тие конструкции. Од каде сега и за која намена и на кои загубари, за која намена во тие загубари нови 33.000.000, од прилика околу милион марки. И она што најповеќе лично како стручњак во таа област ме засегна е намалувањето на ставката за капитални трансфери т.е. програмата за патишта каде од планираните милијарда и седумдесет милиони денари истата се сведува на 326.000.000 денари. Што тоа ќе значи за македонските патишта, за македонските магистрални патишта, за македонските локални патишта, за македонските улици, градски улици итн. кои со новиот закон кој ја регулира оваа проблематика знаеме дека најголем извор по основ на овој патен денар беше акцизата предвидена која се зафаќа од продажбата на нафтени деривати и исто строго наменски да се даде дел од таа акциза процентуален во главната намена каде се продуцира таа акција, каде се троши тоа гориво, тоа се македонските патишта. Навистина зачудувачки енормен пад од преку 65% од предвидените средства од она што се планира, она што крајно оваа година ќе треба да се даде за оваа намена од буџетот на Република Македонија и дали тоа повторно не значи уште еден удар и атак на цела онаа градежна оператива која на директен или индиректен начин ја опслужува оваа функција на Македонската држава. Знаеме дека повеќе проекти, договори се веќе потпишани и се во фаза на реализација и дали тие проекти со донесување на овој ребаланс се под знак на прашање. Дали оние идни реални извори на финансии на оваа и те како опадната градежна оператива со ова ќе значи тотален крах, или пак ќе значи ставање во функција на една до две градежни фирми за и овие средства што се намалени строго да се наменат само на тие една до две фирми.

Навистина она што е одлика на секоја држава, главна одлука на секоја држава и за која како странец ако одиш таму нормално се дискутира, тоа се патиштата. Навистина за македонските патишта со овој ребаланс, со донесувањето на овој ребаланс се предвидуваат црни денови. Не би сакал како стручњак по оваа проблематика да бидам учесник во едно вакво кастрирање на градежната оператива која е директно задолжена за одржување реконструкција и надградба на македонските патишта.

Навистина тука се поставува прашање што со градските сообраќајници, дали ова реновирање кое е започнато по скопските улици и магистрални патишта кои врват низ Скопје, дали тоа ќе значи стопирање на истите, или пак оние идни активности кои требаше да се одвиваат, конкретно за мојот град Битола кој само пред неколку дена беа заклучени договори и цесии со Фондот за патишта, локалниот фонд за патишта и повеќе градежни фирми, градежни оперативи кои требаше тоа веќе да го завршат, тоа ќе значи анулирање на тие договори. И навистина ако со оваа тенденција продолжи инвестирањето и за наредната година каде ќе ни биде крајот и изнаоѓање на решение за оваа проблематика во Република Македонија. А на големи фанфари се наговестува од Владата дека решавањето на патната инфраструктура ќе оди преку странски инвестиции, отварање на процесот на концесии во оваа проблематика итн. Дали со ваква рестриктивна политика сопствената влада кон оваа проблематика е во дел од онаа програма на привлекување на странски капитал, или би требало тоа паралелно да оди, колку странски капитал во оваа проблематика, толку ќе треба и државата. Навистина голем знак прашалник, се надевам министерот ќе има прилика на овие мои забелешки да даде барем усмен одговор со надеж да онаа негова последна реченица од излагањето до нас пратениците, да сите мерки кои се предвидени во овој ребаланс заедно ќе ни овозможат да го дочекаме крајот на годината со ниска стапка на инфлација и да влеземе во 1998 година со уште поцврста Макроекономска стабилност како основа за динамизирање на растот и развојот на земјата со најискрена желба би сакал тоа да се оствари, но само со овие неколку мои аргументи и забелешки по основ на овој ребаланс навистина не ми влева доверба да овој оптимизам кој министерот го дава и кој искрено и го очекувам и го посакувам, иако сум пратеник од опозиција, но сепак се работи за одредено функционирање и на државата и на одредени стопански субјекти и тоа мора да си тече дали е оваа влада или друга влада, и наредна влада, сепак функцијата на државата ќе треба да се обавува. Би сакал навистина ова негово видување да се образложи, ќе имаме прилика се надевам да се видиме и за донесувањето на буџетот за 1998 година и она што е ветено, сепак ќе имаме показатели да кажеме дали е тоа навистина стварно реализирано или не. Многу е лесно да се вети нешто, но уште потешко е тоа ветеното

да се оствари. Со тоа нас како опозиција ни се отвора лепеза на активности да можеме да пројавиме нормално во напад кон оваа вака зацртана владина да речам работа на Министерството за финансии кое е матично, кој матично го предлага овој ребаланс на буџетот. Инаку повторно ќе се навратам како завршеток, како крај на мојата дискусија по однос на овој патен денар. Веќе конечно и јасно е дека избори до крајот на 1997 година ќе нема бидејќи навистина главниот извор на активности на претходните избори баш беше оваа патна инфраструктура и обновување на патната инфраструктура, а со овој ребаланс и предвидени овие вакви минимални средства за патната инфраструктура, значи дефинитивно избори до крајот на 1997 година ќе нема.

**ФАИК АБДИ**

Господине претседателе, дами и господа пратеници и господа министри.

Мислам дека имаме една многу тешка и обемна работа кога разговараме за буџетот на било која држава па и нашава држава, тоа е една многу стручна работа која што бара големо познавање и на системот а и на струката познавање. И секако ќе најдеме кривци затоа што носиме во себе стари навики, што помалку да дадеме, а што повеќе да земеме. И за тоа крива е Владата, а најповеќе е крив, министерот, заменикот итн. Сигурно до овие цифри за кои што зборуваше г-динот министер не е дојдено по пат на незнам, што знам обично собирање таму десетина страници, па дошол овде ни соли памет. За тоа е вложен голем труд, за да се дојде до тие показатели мора да направиме еден пресек за нашава држава. Што бевме, што затекнавме. Колку што јас знам некаде до 1985,1987 година општествениот производ секогаш беше во опаѓање во Југославија па и во Македонија, секогаш во опаѓање никако да се запре, секогаш инфлација и само печатење на пари. Печатењето на пари носи инфлација. И тоа дојдовме до трocифрена инфлација и тогаш се појави некој си другар го викавме херој па застана пред таа инфлација како пред див ѕвер и ја дотера до незнам кој степен. Дали беше навистина дотерана инфлацијата на тој степен за кој знаевме тогаш, за

кој што јас не сакам сега да зборувам. Јас знам дека меѓу нас овде има стопанственици, знам и дека има пратеници кои што трошат средства од буџетот. Едно време ние овде разговаравме, мислам дека тоа беше пред две години или минатата година дека ќе бидеме компатибилни на запад, ќе воведеме кантнамба за секој работник, така што ни еден газда да не може на рака да му исплати на некој плата, туку секој кој што работи да речеме кај г- динот министер ако има една фабрика тој мора да оди во градскиот завод за платен промет итн. да си отвори кант намбо, да стави пет пари таму и овој да му префрли пари таму на тековна сметка, на жиро сметка. А заедно со тоа да ги префрли и сите даноци од платата. Тоа не го направивме. Не знам дали е така. Мислам дека не направивме. Мислам дека големи средства лежат во џебовите на нашите газди. Па добро имаа среќа овие години, диви години, овие четири, пет години да се богатат итн., створивме нови капиталисти, меѓутоа со ред да е, не да е без ред, а такви работи имаме. Дали створивме даночна инспекција и тоа поверлива. Јас зборував едно време овде во стариот состав за елиотнесовци, непоткупливи, да ги фатат тие таквите што прават. И ако еден стопанственик меѓу вас овде си направи сам есап за овие девет месеци и од својот Шеф на финансии таму, или што му е побара за девет месеци не како она што добив дојам и призвук имаше некоја дискусија како да се сака некоја резолуција за општествено-економскиот развој на РМ па што до крај на годината, како да се оствари, па планирано, остварено, планирано не остварено итн. Нема тоа. Ова е сега буџет, нема резолуција. Па овој приватник да речеме Фаик Абди да ми каже мојот книговодител, или мојот шеф за финансии, и директор на финансии колкав ми е вкупниот приход за девет месеци, од тоа колку се потрошените средства без амортизација, без плата и без даноци.

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Потоа колкави се нето платите, она што си го ставам во џеб без придонеси, па потоа се даноците и придонесите. Амортизацијата колку е, дали имаме амортизација и добивка дали има од тоа. Гледаме дека добивка немаме, амортизацијата е подјадена, дека таа отишла во деловниот фонд таму , меѓутоа, таа се врти. И сега бараме вработување и сигурно ќе бараме, нормално ќе бараме вработување. Но мислам дека немаме право овде да ја обвиниме Владата, заради тоа што не сме успеале да вработиме млади , стари 500-600 илјади и тн. Имаше еден таков пример за некоја држава,ама тоа на запад било. Ако некој чул дека на исток не кој отворил работни места за млади луѓе за 100 илјади, за 50 илјади , 300 илјади , алал му вера, некој да речеме шеф на држава, премиер некој тоа го нема. Ако се сеќавате, кога ја правевме државата, народот знае за тоа и пратениците што беа тогаш знаат, јас бев поставил едно многу обично прашаше, многу просто прашање: колкава ни е активата и пасивата на РМ. Активата и пасивата гледано како цело стопанство во едно, за да знаеме со што почнуваме, со што располагаме и изворите од каде. До ден денес такво нешто нема , не сме добиле, јас не сум добил како одговор. Сакав тогаш да кажам но јас сега ќе го кажам тоа. Создадовме нова држава без ништо , имаме четири граници, имаме општа општествена потрошувачка од која еве сега по буџетот таму војска, полиција, армија, образование, воспитување, социјална заштита, здравство итн. и веќе имаме трошоци за локалните општини, новите општини  тн, се она што го имаме. А какви ни се капацитетите, да не зборуваме. Имаме само неколку случаи, односно такви капацитети кои се компатибилни на западните, со добро производство, голем тренд на

пораст добри плати, но не е тоа тоа. Сигурно нашиот општествен производ нема да биде којзнае каков. Ако овој општествен производ сега што го имаме се мери и се поистовети со некој општествен производ од пред петнаесет-дваесет години тогаш ќе видиме каде сме. Ќе биде многу интересно да знаеме тогаш што било и сега што е. Сигурно треба свежа крв односно ефективни средства, свежи , меѓутоа, за да добиеме што побрзо и повеќе ефективни средства нам ни треба, мир, луѓе. Мир надвор и внатрешен мир овде, тие што треба да помогнат да не се сомневаат во нас, па да речат на кого ќе дадеме со кого утре ќе имаме работа, кој ви стои гарант. За тоа бараат РМ договорот да го парафира , а не Владата односно не знам која фирма и тн. Тоа значи немаат луѓето доверба во нас и имаат право. Кога почина тогашниот претседател на Југославија, сите почнаа средствата да си ги бараат назад, од цел свет од каде што земавме . Имаат право луѓето. Ние денес слушаме и гледаме вести, ние сме сукцесори на поранешна Југославија и вршиме пролонгирање на отплатата на кредитите, на тогашните кредити. Еве, на дневен ред имаме точка за Кувајт. А за побарувањата? Некој си одговорен таму ќе не собере за некој ден, една држава, па друга, па трета, четврта, пета и шеста и аман Југославијо, отвори се, овие не се само твои , и на овие се. Ако дадеш, дадеш, ако не дадеш - фалати. Знаете ли што значи тоа? Долгот го плаќам, не добивам ништо, а имам право да добијам од тоа, мое е . Меѓутоа, треба да бидеме многу објективни и да ги отвориме очите за овие работи. Кој е крив, да ми простите на зборот, кривото магаре е криво.

Ние војна немавме, фала богу, добро е што немавме војна. Меѓутоа ние имавме економска војна. Мора и позицијата и опозицијата и старо и младо да знае дека од север ние не можеме да добиеме ништо ниту да испраќаме ништо од тука. А тие ни беа нашите патишта.

IX/3

Од југ не можевме, знаете Грција што ни направи. Тоа е економска војна. Жртви немаше но економијата ни е за никаде. Заради тоа ги имаме тие работи и тн. Тоа е факт. Ако може некој добар економиста да каже дека не е тоа, тоа не вреди ништо, тоа е голема работа, преку Грција не можевме. Еве, преку Бугарија отидовме. Да, преку Бугарија, а отидовме и до Албанија, отидовме до Драч, дали може од таму кружно да добиеме нафта. Е,колку чини тоа. Тоа е многу скапо. Сакам да речам дека знам дека Владата се судира со огромни тешкотии и во прибирањето на средствата а и во нивното распоредување, каде ќе се распоредат. Јас гледам амандмани.

Јас сакам да зборувам за културата. Ние имаме аматерска култура, аматери, да речеме фолклорен аматеризам, ние имаме врвна култура, "Танец", ние имаме врвна култура фестивали те во Скопје, те во Битола, те незнам каде, па националностите,"Шутка фолк фест" па "Нота фест" кај Албанците. Ќе кажам дека не можеме да добиеме средства. Мора да добиеме средства. Што ќе речат другите, што ќе рече Европа, што ќе рече светот. Националностите - стоп, нема фестивали за нив. А дали имаме средства сега? Од каде ќе скинеме, каде ќе биде минус за да биде плус некаде? За да се добие нешто треба нешто да се одземе.

Бараме стимуланси. Добро е да има стимуланси за земјоделството и за извозниците. Тоа го правевме и порано. Меѓутоа, што вели запад, што вели ММФ, што вели Европска унија, што вели Светската банка за обнова и развој. Дали по нивните правила Владата односно државата финансира извоз. Ако тој не е со помала цена на чинење со огромни заштеди и со поголем обрт на капиталот. Колкав е обртот на средствата кај нас? Не сме ефективни. А одиме кон подобро, меѓутоа, далеку сме од она што треба .

Кај политиката на цените не се работи за подобрување на цени, па потоа враќање назад, исправно односно неисправно. Се работи за една многу тешка работа, за еден обичен стандард каков, таков на луѓето, на населението, на граѓаните. И сигурно Владата се одлучила само заради тоа семејниот буџет да не биде многу пооптоварен од колку што е, заради тоа што ние имаме многу голема криза ние сме во криза.

Мислам дека ова што го предлага Владата односно Министерството за финансии за девет месеци заслужува голем респект, големо внимание. Не можам да верувам, би ми било срам да верувам таа задолжителна резерва што ја има таму - порано постоеше, сега незнам дали постои кај стопански организации, па и државата – не можам да верувам дека таа резерва постои заради некои да речам далавери на народен јазик, зашто доаѓаат избори сега, па од каде пари и тн. Тоа е многу расипано да се мисли така. Не мислам на колегата што го кажа тоа, туку мислам дека воопшто не смееме да мислиме така. Како тоа од буџетската резерва ќе направиме незнам каков чудо заради нешто што се вика избори , нешто што се вика ... не би сакал да спомнам други работи кои не доликуваат на пратеник да ги каже.

Мислам дека нашата Влада треба да преземе малку поживи мерки, да биде погфлексибилна, поголема активност да речам, флексибилноста да ја тргнеме на страна, околу тие наши долгови и побарување со поранешна Југославија. Ние се признаваме она што должиме, ги преземаме долговите врз себе, гарант е Македонија, а она што останало и по светот и во некоја банка таму , знаете во која земја е таа банка - незнаеме, тоа знае само некој во Белград, меѓутоа, тоа е тоа. Тоа е една многу голема работа а ние имаме дел таму.

IX/5

Благодарам на вниманието што ме слушавте. Верувам дека дадов скромен придонес кон оваа точка, која е многу важна и јас се согласувам за онаа пренамена што е предложена таму, особено за социјална заштита, зашто ни се налутија луѓето, граѓаните особено членовите на една партија кога реков дека се собраа "копуци". Ние сме сите на некој начин "копуци". Колкава плата имаме ние? Јас земаме 840 марки. Беше илјада, стана 840, значи нешто помалку тоа е вредноста. Меѓутоа, луѓето велат, барем ги имате вие пратениците тие пари. А ние што немаме ништо, што да правиме? Да, и тие се во право. Ајде, ќе се јавите во Заводот за вработуваше или ако сте неспособни за работа во Центарот за социјални работи. Многу пари од таму, три илјади денари! Три илјади, четири илјади денари, со тоа не се живее. Навистина не се живее од тоа. Јас мислам дека треба да се обрне внимание и затоа го поставив тоа прашање за здравството. Нашите болници немаат лекови . Појдете, видете болните како спијат таму и каде спијат и што јадат. Од дома им носат. Тоа е навистина за грав, за срам. Појдете по нашите судови. Некни морав да одам таму, тие подови нивни што се , тоа е за секаква осуда , тоа е толку изветвено, толку ... јас не знам што да речам. Мислам дека - од каде капирал да дојде таму? Од каде? Да не јадеме воопшто- да дадеме таму. Тоа значи ја создаваме државата лека полека. Нема тика виновник, Владата е виновна или имало незнам во општина Шуто оризари еден Решка, Решка е виновен. Нема тука. Само поголемо производство само поголемо вработуваше, тоа носи поголем доход односно така и националниот доход е поголем. Само тоа создава новосоздадена вредност друго ништо. И соодветни орудија за работа. Ние тоа го немаме. А нам ни треба, пак ќе повторам сега, мир, надворешен мир, мир ни треба внатрешен тука за да стекне стетот доверба во нас за да ни помогне. Каде се чуло и видело да се даде

кредит на 30 го- дини грејс период со 0% камата. Тоа е голема работа. Ние не знаеме тоа да го цениме. Веднаш овде револуции ствараме, мислам во државата во смисла на манифестации, што не треба да биде така, се расправаме, се караме и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседате, почитувани колеги, почитуван г-дин министер за финансии,

Лично очекував пошироко образложение околу оваа тема затоа што имам убедување дека тоа и можете и знаете да го направите. Како прво што треба да знаеме колкав е општествениот бруто производ со кој Републиката располага како транспарентна вредност што треба да ја знаат сите луѓе во оваа држава за 1996 година, за да може од тука да се извлекуваат релевантни заклучоци како ќе се трошат средствата односно парите што ги создаваат субјектите на државата. Или со други зборови, дали расходната страна на буџетот е толкава да биде еднаква на општествениот бруто производ, дали таа е помала, дали има остаток, каков е односот на општествениот бруто производ во Републиката во однос на долговите . Мора да стане транспарентно дека Републиката спрема странство е должна 2,2 милијарди долари, дали тоа е еднакво на еден бруто општествен производ или на два, дека внатрешниот долг е една милијарда марки, дали тоа е еднакво на општествениот бруто производ. Дали 1,2 или 3 бруто општествени производи се ангажираат за ликвидирање на надворешниот и внатрешниот долг, затоа што во овие услови кога донесуваме буџет секој граѓанин, секое четиричлено

семејство на Републиката должи 2.200 долари на странецот. Должи исто така на име на девизните штедни влогови внатре, должи исто така околу 54 марки секое четиричлено семејство за ТАТ.

Кога ги издвојуваме стапките за измирување на функциите на државата, мислам дека треба да ги издвоиме и приоритетите. Потребно е граѓаните да знаат дали во оваа ситуација е приоритетна социјалната безбедност, односно дали средствата ќе ги насочуваме за финансирање на социјалните фондови, чистата социјала, здравство, вработување, фондот за пензиско осигурување, дали средствата повеќе треба да се насочени за безбедноста на државата, полиција и војска. Колку средства ќе издвоиме за финансирање на администрација , на државната администрација како посебна област. Дали пак ќе дадеме приоритет на селото од аспект на ориентацијата за ревитализација на селото, па повеќе средства да насочуваме во министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, урбанизам. Дали исто така имаме сознанија колкав е просечниот животен век на популацијата во РМ . Шеесет и една година беше во изминатиот период, некаде 80-тите или 90-тите години 72години просечен животен век. Стапка на смртност на доенчиња од 112 промили на 28 промили, а сега не знаеме каква состојбата во таа свера. Со други зборови која од овие области ќе ги набележиме и ќе донесеме релевантна оценка дека се приоритетни. Да не кажам кога Алиса одела низ шумата ја сретнала лисицата и ја прашала по кој пат треба да одам. Та и одговорила - зависи по кој пат ти си се определила да одиш. Ако ти е сеедно по кој пат да одиш, оди каде што сакаш. Меѓутоа, не ми е сеедно значи кои сектори како ќе функционираат во нејзиниот расходен дел.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Сега кога го донесуваме Буџетот два месеци порано, би сакал да кажам во каков економски амбиент се донесува овој Буџет.

Прво, мора да бидеме реални и трезвени дека го донесуваме во услови на висок и траен дефицит на платниот биланс со странство. Познато е дека за првите 4 месеци годинава трговскиот дефицит изнесуваше 150 илјади $ веројатно сега двојно поголем. Се поставува прашањето како ќе го регулираме трговскиот дефицит, дали со производство, што е желба и ориентација или регулирањето на трговскиот дефицит ќе се врши со пресија низ ставката - задолжување, односно таа ориентација ја доведува државата во должничка криза и рецесија.

Второ, го донесуваме во услови на девалвација, знаеме дека на 9.07.1997 година настана девалвација на курсот на денарот, корекција на девизниот курс. Зошто? Поради спречување на континуираниот негативен монетарен раст.

Трето, заради евидентната неликвидност на стопанството.

Четврто, го донесуваме во услови на инфлација која во август изнесува 5,1% на крајот на август и нејзино очекувано зголемување за 2-3% на крајот на годината поради порастот на цената на електричната енергија во октомври.

Петто, го донесуваме во услови кога го донесовме и Законот за финансиско работење. Законот е донесен во месец јуни. Каков е ефектот во месеците јули и август? Познато е дека се насочија средствата во социјални фондови и тука имаме позитивни резултати на таа страна. На другата страна имаме негативни резултати. Имено, до месец јуни економските субјекти со блокирани жиро сметки беа околу 6 илјади, на

крајот на месец јули и нешто понатаму економски субјекти со блокирани жиро сметки 9 илјади, значи три илјади економски субјекти со дејството на овој закон имаат блокирано жиро сметки за период јуни - јули, или од јануари до денеска некаде околу 7 илјади економски субјекти со блокирани жиро сметки или 54 илјади невработени. Меѓутоа, бидејќи овој закон е лимитиран до месец декември сметам дека оваа компензација позитивни и негативни резултати сеуште ни се непознати ефектите какви ќе бидат.

Кога го донесувавме Буџетот во услови кога 28,5% од македонските работници не примаат редовна плата за тековниот месец. Го донесуваме во услови на натамошен пад на животниот стандард 5,4% реално намален процент на нето плата.

Го донесуваме во услови на пораст на индустриско производство од 3%, но само кај половината од 32-те индустриски гранки кај што имаме пораст во индустрија за пијалоци, хемиска индустрија, тутунска, прехранбена индустрија, машиноградба, но нешто значајно имаме пад на производство на репродукциони материјали. Тоа значи производство за извоз.

Го донесуваме во услови на висока реална стапка како официјален инструмент кој ја исцрпува акумулацијата на ~ стопанството. Значи, во услови на финансиска криза и рецесија. Што значи, поинаков буџет не можеме да донесеме, бидејќи изворите данок од добивка, царина, данок на промет, кој по Законот за финансиското работење е на приоритетната листа, прво, налог на Заводот аз платен промет, прави за него и акцизи и од тука нормално редукција на капиталните трошоци и трансверите.

Јас овде излегов повеќе да кажам за делот за здравство, покрај тоа што сите ставки на програмите за финансирање на програмите од

областа на здравствената заштита се редуцирани, посебно сакам да обрнам внимание, бидејќи Министерството за финансии определува некаде 700 милијарди резерви, тоа е голема резерва, резерва секогаш треба да има, но не толкава, во потставката 441341 - потставката здравство 441, потребите по членот 17 од Законот за здравствена заштита. Зошто го апострофирам ова како посебно. Значи, ако ги земеме сите области сепак некоја треба да издвоиме како приоритетна и во оваа прилика, бидејќи сум информиран за проблематиката, ја издвојувам оваа потставка на членот 17 од Законот за здравствена заштита каде спаѓаат набројани се кои заболувања и од причина што овој член ја третира популацијата која нема здравствено осигурување на Републиката, а болува од тешките болести. Таа популација се зголемува поради опишаните и познатите состојби. Само во овој дел. Инаку, во европските земји, во земјите на Европската унија, бидејќи државата ја финансира основната здравствена заштита, граѓанинот, ризикот на здравјето, значи тоа се извори граѓани и држава на пример би ја навел од секогаш здравството во ставките нас потрошувачката е на второ или трето место во сите области кои се третираат како буџетски области. Еве за пример една Англија 33 милијарди фунти држава, 7 милијарди фунти граѓаните за здравствената заштита. Тоа како ориентација. Зошто? Затоа што познато е и Фондот за здравствено осигурување бидејќи е фискална институција поради вкупните состојби во стопанството, поради зголемувањето на бројот на невработените се наоѓа во една тешка фискална пресија и во таква состојба мора дас се врши социјализација. Што значи тоа? Буџетските средства мора да се дотураат и таму за да се изврши социјализација на средствата , односно да се одржуваат ако не да се унапредуваат виталните параметри на здравјето на една популација, а тоа е просечниот животен век и стапката на смртноста.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно е бројот односно амбиентот во салата дека по толку интересни теми во текот на вчерашниот и денешниот ден дојдовме на една подосадна, меѓутоа, се надевам дека ние најупорните некако ќе ја истераме до крај.

Она што во врска со овој предложен ребаланс на буџетот за 1997 година не трпи критика е фактот дека овој пат за разлика од минатата година кога тој буџет го гледавме на крајот на годината и кога доста критики удривме на тоа, овој пат го гледаме порано и во тој дел навистина имавме прилика на време да воочиме одредени стапки кои во овој буџет се ребалансирани и се разбира за корисниците на буџетските средства е од интерес, меѓутоа, она што претходни дискутанти го рекоа, јас се извинувам, можеби нешто ќе повторам, е фактот дека редот би бил и она што ние како Комисија за финансирање и буџет уште минатата година го потенциравме фактот дека пред да гледаме ребаланс на буџетот неопходно е прво да ги видиме и согледаме резултатите од остварувањето на буџетот во изминатиот период, па за да можеме потоа да ги оствариме сите претпоставки за квалификувана дискусија по однос на предложените ставки во буџетот. Тоа е една работа.

Втора работа иако во тој дел придонес секако претставува широкото образложение на министерот на денешната седница што е во контекст на образложенијата на приложените бројки во буџетот, меѓутоа, во моментот на доставувањето на буџетот мое мислење е дека тој требаше да има малку пошироко образложение со оглед на тоа дека еве

и денеска можеби ќе имавме помалку нејаснотии или помалку прашања во поглед на одредени раздели, ставки или потставки од буџетот.

Мое убедување е дека она што е карактеристично, пред се за овој буџет е дека тој има од една страна цел да ја намали, рационализира буџетската потрошувачка што е сосема логично во услови на помалку остварени приходи, но пред се овој буџет јас би рекол ребаланс е фактички еден изнуден потез кој е детерминиран од нецелосното извршување на приходниот дел на буџетот кој беше предвиден за 1997 година. Од ова секако се поставува важното прашање а тоа е дали заради ова предложениот ребаланс сега во државата е намалена профитабилноста или се работи за едно лошо или преоптимистичко планирање во проекциите на буџетот за 1997 година што јас морам да потсетам да се видат и да се потсетиме ан седниците кога се носеше буџетот аз 1997 година пратениците на ЛДП токму на ова укажуваа дека навистина имаме преоптимистички прогнози во поглед на проекциите на буџетот за 1997 година.

Почитувани пратеници, јас би сакал да се осврнам на неколку прашања за кои не најдов или не можев да најдам некое соодветно образложение и нормално дека тие и како одредени забелешки и како одредени прашања ги поставувам начелно во врска со ребалансот на овој буџет.

Најпрвин тоа е прашањето што беше тука кажано, а тоа е јас и веројатно и вие не можевме да видиме колку ќе биде и колку е проектираниот процент на јавната потрошувачка во однос на општествениот производ со оглед дека планираниот процент беше колку што се сеќавам 41% со буџетот за 1997 година, а во печатот изјавите на потпретседателот на Владата беше 45,7% така што навистина би

требало да се знае и да се каже колку во рамките на сега донесениот буџет се планира да биде процентот на јавната потрошувачка.

Второ прашање на кое би сакал да се осврнам тоа е дадената констатација од страна на Владата дека имаме еден благ пораст на индустриското производство. Иако тоа беше срамежливо најавувано како еден благ пораст, сепак би сакал да истакнам дека од ребалансот на буџетот се гледа дека приходите по основ нас персоналниот данок се намалени во однос на минатата година што логично упатува на заклучокот дека во оваа година имаме помал број на вработувања. Од друга страна пак, приходот по основ на данокот на промет е исто така помал до минатата година што значи дека во оваа година е остварен помал обрт во однос на минатата година. Од тука логично произлегува прашањето од кои параметри до каде се изведува заклучокот дека имаме пораст макар и мал на индустриското производство.

Трето, забележливо е не зголемување на средствата и на материјалните трошоци во областа на одбраната и полицијата. Јас би рекол како едни од поважните стратешки области на државата од кои секако зависи стабилноста на државата и на граѓаните иако во тој дел особено некои колеги истакнаа дека платите на вработените во овие области се дестимулативни во извршувањето н& нивните функции, а сите бевме сведоци дека тие се изложени навистина на извршување на тешки и одговорни задачи и многу од нив ги загубија животите и мислам иако постојат одредени законски ограничувања и пречки во поглед на платите, сепак мислам во тој дел можеби можеше нешто повеќе да се направи, бидејќи како што реков, средствата во тие поставки се на исто

или кај функционерите на нешто значително повисоко ниво, меѓутоа, средствата за тие намени се на истото ниво како што беше во буџетот за 1997 година.

Ако се погледаат буџетите на одделните министерства се гледа дека буџетите на Министерството за финансии и на Министерството за труд и социјална политика се зголемуваат, а буџетите на Министерството за стопанство и земјоделие се намалуваат, што логично упатува на заклучокот за односот во политиката на Владата кон овие две важни гранки односно дејности во државата.

За земјоделието и културата посебно треба да се истакне она за земјоделието континуирано имаме намалување на буџетските средства така да некои песимисти велат дека можеби вака како сме тргнале до година земјоделието и културата нема да бидат буџетски ставки, затоа што најголемите кратења континуирано во овој дел се вршат во земјоделието и културата.

Гледано во дели на од аспект на приходниот дел на буџетот очигледно е дека не се остварува во целост макро-економската политика за оваа година и дека нема некој поголем поттик за стопанските активности во државата.

Ваквата констатација, пред се, е и во самиот факт дека при исти параметри еднакви инструменти во поглед на стапките на даноците и придонесите имаме пад на приходите.

Во расходниот дел односно во билансот на трошоците паѓа во очи енормното зголемување на другите оперативни трошоци за околу 800 милиони денари повеќе во однос на буџетот за 1997 година. Добивме образложение пошироко неколку пати и од министерот и на седница на Комисијата за финансирање и буџет се тоа, пред се, тоа наменети

средства да се интервенира во покривањето на дебалансот на буџетите во одделни социјални фондови и тоа е сосема во ред и добро, меѓутоа, во оваа ситуација уште еднаш би истакнал она што и претходно беше речено дека можеби, бидејќи тие средства се сконцентрирани во Министерството за финансии, ас веројатно и до сега така го чиневме и правевме но со самиот факт дека тие не се со соодветните фондови, туку во Министерството за финансии доаѓаме во ситуација за опременоста на тие средства и до колку тие бидат непотребни за покриваше на тие дебаланси, да се пренаменуваат за други работи, што секако во тој случај ќе дојдат во ингеренција на Владата, а како што знаете ингеренциите во поглед на предвидените средства во Буџетот, законски се во надлежност на Парламентот.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:** (продолжение)

Во оваа ситуација, бидејќи тие не се распоредени сега во овој буџет излегува дека Парламентот нема да има улога во неговата контрола за тоа каде ќе бидат насочени и тоа ќе биде во исклучива ЈСТ на Владата.

Во Разделот 01001 претседател на Републиката и во скоро сите други раздели, особено во ставките кои се однесуваат на основните плати на функционерите, забележливо е зголемување на средствата, што јасно зборува дека имаме нови вработувања. И ова можеби не би било олку важно во некои други времиња, меѓутоа зачудува фактот на зголемувањето на вработените во услови кога јасно и гласно беше кажано од Владата дека во овој период, односно до крајот на годината нема да имаме нови вработувања во органите на управа и мислам дека Владата во тој контекст изрично се определи на таквата политика не за непримање на нови вработени, иако сега од тие ставки се гледа дека такви заработувања има. Истата појава е присутна и кај Собранието на Република Македонија, кај Уставниот суд, Владата на РМ, Секретаријатот за информации на Владата, Министерството за надворешни работи итн. Особено зачудува и за мене е чуден распоредот на средствата во Агенцијата за разузнавање во стапките 401 и 402. Имено во ставката 402 надоместоци, надоместокот за храна е ребалансиран од 800 на 4.000 денари и за превоз до и од работното место не се предвидени средства што јасно кажува дека се работи за само еден човек вработен во оваа Агенција. Затоа чудно е зошто во ставката 401 основни плати и наемнини се предвидени средства за вработени во висина од 6 милиони денари, односно и тука како во ставката 402 не е направено намалување на средствата за трошење по оваа основа. Значи се јавува сега една нелогична работа, можеби е логично, но нема за тоа образложение дека овие претходни ставки излегува дека има еден вработен а во Агенција за плати има предвидено средства од 6 милиони денари. Во разделот Собрание на Република

XI/2.-

Македонија во ставката 426 договор ни услуги за надоместоци за надворешни соработници, предвидени се, како и досега, средства во висина од 598 илјади денари. Исти такви средства кои се, поголеми предвидени се и кај Владата на РМ и кај Службите за заеднички работи на Владата на РМ. Јас на пример не знам, но мислам дека останува нејасно кои се овие средства и за што се користат. Со оглед дека користењето на овие средства, особено во Владата е привилегија на партијата на власт, се поставува прашањето зошто вакви средства за надворешни соработници не би користеле и опозиционите партии во Парламентот особено ЛДП како најголема од нив, затоа што може и таа е најверојатно во одредени ситуации да има потреба од надворешни соработници.

Во Разделот 04004 - Секретаријат за информации на Владата во ставката 444 трансфери по основа на субвенции со обврска на издавачи на весници и списанија и покрај намалувањето предвидени се средства во износ од 80 милиони денари. Без никаква зла намера кон печатот, се поставува прашањето дали понатаму постои законска основа за доделување на такви средства, со оглед на фактот дека во законските прописи се определивме за профитабилност на работа на овие издавачки куќи и мислам воопшто на издавачите на дневните весници каде што цената на дневниот печат драстично се намали и каде што слушавме бројки дека тиражот е многу зголемен на тие весници, така да со едни вакви високи средства се става под знак прашање определбата дека треба да се има профитабилност во работата и на овие куќи кои што печатат дневни весници.

Би сакал накратко да се осврнам на одделни раздели на Буџетот за кој барем за мене постојат одредени нејаснотии. Во Разделот 09002 во Министерство за финансии има повеќе отворени прашања, а ата од нив е ставката 427 потставка 427020 останати оперативни трошоци, што претставува нова потставка во износ од 50 милиони денари иако досега

XI/3.-

вакви средства не беа предвидени во Буџетот за 1997 година. Отсуствува одговор и образложение токму на тоа прашање кои се овие средства и за што ќе бидат користени. Нова потставка исто така потставката 444197 други трансфери по основа на субвенции, каде стои една позамашна сума од 272 милиони денари останува нејасно кои се овие средства според кој закон се врши субвенцијата со кој закони или одлуки на Владата се тие создадени. ВО ставката 483 потставка 483044 наплатени гаранции, претставува нов трошок од 48 милиони и 30 иљади денари без образложение чии се тие гаранции, кој ги дал и за кои претпријатија се однесуваат, а истото се однесува и за потставка 485039 учество во претпријатијата за загубари, како нов трошок од 33 милиони 041 иљади денари. Во разделот 15010, општествена заштита на децата да се погледаат добро бројките, тоа беше ситуација во поранешните буџети, сега малку е уочливо дека малку е чудно но се наметнува констатацијата дека за да се поделат околу 10 милиони денари тоа е правото на користење на детски додаток, треба да се потрошат нешто поамлку од 30 милиони германски марки. Малку е зачудувачки тој но тоа е што е. И најпосле би завршил со тоа дека иако на прв поглед изгледа и така е дека целта на овој Буџет е предлагање рестрикции во буџетската потрошувачка, всушност повеќе од сигурно е дека ребалансот на буџетот е доказ повеќе за неостварените предвидени параметри на макроекономската политика на државата за оваа година.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, ја сакам да се вклучам во расправата во ребалансот на Буџетот и нема да зборувам за приходниот дел за кое е добро кажано во образложението а и од настапот на почитуваниот министер, мислам дека тоа е објективна состојба и на некој начин е условена од актите кои ние

ги носевме во текот на оваа година. Така да на некој начин и овој ребаланс е ребаланс од нужда, меѓутоа малку би се осврнал на расходниот дел и тоа на неколку места за кои ценам дека не треба так лесно да се откажуваме од некои работи, за тоа што тие и така не се во ред на некој начин. Имам доем како кога ги сечеме средствата за овие дејности, сепак сечењето да ни е најлесно таму каде што е најтенко.

Прво би рекол неколку збора за Министерството за здравство. Во Буџетот има предвидено и така мала ставка за превентивниот дел, и тука имаме кратење некаде за околу 32 милиона иако тука се воглавно средства за превентивна здравствена заштита за тие пет-шест програми за борба против сидата, за бруцелозата, за здравствена заштита на децата, за унапредување на крводарителството, тоа се работи без кои практично здравството не може да се замисли и сега со ова кратење или треба здравството да не одговори на неговите плански задачи, или ќе се ангажираат средствата од превентивата за која што исто така пред малку зборуваше пратеникот Абди а знаеме каква ни е ситуацијата во секундарното здравство.

Јас не сум убеден дека нешто ќе се направи после оваа моја дискусија во врска со ставката во Министерството за здравство, но сакам да укажам во иднина кога ќе се планира буџетот не треба така лесно да удираме таму каде е најтенко. Толку во врска со здравството. Погледнете каде е се кратено. Кратено е во Агенцијата за развој, знаеме зошто служат тие средства, служат за подигнување на стандардот на луѓето во неразвиените подрачја и тука со една ставка од 300 милиона што мислам дека исто така не е в ред. Или земете го земјоделството. Имаше една мала ставка во Буџетот од 20 милиони средства за ревитализација на селото, а еве тие средства се средства кои треба на некој начин да ја подобрат состојбата во државата па можеме да ги земеме од селата кои веќе ни изумираат и ќе ја дадеме на некое друго место. И на крај имам дојам дека провејува, а така беше и минатата

XI/5.-

година кога го носевме ребалансот, конкретно состојбата со патиштата во Македонија, дека таа е извонредна и можеме тука да правиме поголеми зафаќања, односно поголемо кратење на средствата за патишта. Таков е случајот и сега. Меѓутоа, можеби за некои региони можеме да кажеме дека патната мрежа ни е добра, но јас морам да укажам на еден факт кој можеби е единствена врска на Струмица со магистралата, со државата во целина, а тоа е патот Струмица Штип, а него го градиме можеби веќе 10 години и повеќе никако да се најдат средства овој пат да се доизгради. Имам доем како да е на некој начин заборавен иако знаеме какво значење има овој регион за целокупниот развој на нашата Република. Ако колегата Тантаров често пати вели дека Битола односно битолскиот регион го храни Македонија и пошироко, мислам дека тоа се однесува и за Струмица, и јас повторно ќе кажам, незнам дали може сега да се интервенира, но апелирам на некој начин до министерот и Министерството и Владата во целина дека треба да се поведе сметка во наредниот период овој пат што побрзо да се направи.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на опширните дискусии ќе бидам сосема краток. Имено ребаланс на буџетот не претставува нешто невообичаено и само по себе намалувањето на Буџетот од 6,6% можеби не е страшно. Меѓутоа имајќи предвид дека изминатата година, а и за оваа година се предвидува остварување на буџетот 1998 година мислам дека веќе можеби и сега со Предлогот на буџетот за 1998 година треба да се направи една посеопфатна анализа за буџетското остварување,особено од аспект од даночните приходи. Треба поаналитички да се утврдат причините за потфрлување на даночните приходи, кои се тие објективни, а кои субјективни причини. Овде е наведено дека една од објективните причини и законската регулатива односно нејзината измена, меѓутоа треба да се види поаналитички кои се другите причини, дали лежат во високи даночни стапки, во

избегнувањето на неплаќањето на даноци или слично или пак према одредени субјекти можеби се води една политика на свесно ненаплаќање на даноци или одлагање на даноци и акцизи, а можеби се работи за своеви, протекционизам кон одредени стопански објекти.

Од друга страна лично сметам дека одредени намалувања при ребалансот направени премногу односно не се оправдани толкави големи намалувања во неколку ставки. На пример во Министерството за внатрешни работи се направени намалувања на приходите и тоа пред се за набавка на униформи и работни облеки а исто така и за материјали за МВР во овие услови кога припадниците и униформираниот дел на Министерството за внатрешни работи и криминалистичката полиција се мошне слабо опремени, кога нема сеуште потпишано колективен договор за остварување на нивните права во работниот однос, во услови кога им се случуваат низа непријатности, кога не им се плаќа прекувремена работа, кога немаат право на слободни денови и низа други нерегулираности во врска со нивниот статус во услови кога се изложени на зголемена опасност поради немањето на панцири, сведоци сте дека на повеќе акции тие настапуваат без панцири каде многу лесно може да се ранувaат во тие акции и трагично да завршуваат нивните акции, од друга страна стручњаците велат дека и оној мал број на панцири со кои што се располага не се соодветна заштита бидејќи можат да вршат заштита само од одреден вид на муниција, од одреден вид на калибар. Затоа сметам дека намалувањата кај Министерството за внатрешни работи кој што е доста слабо опремено во овој дел, видовме дека за многу нешто друго во тоа Министерство се трошеа пари, тоа и Анкетната комисија го виде, сметам дека оние основни функции на МВР и безбедноста на припадниците на МВР не треба да бидат загрозени со овие намалувања.

Сосема накратко би кажал дека според мене се направени неоправдано големи намалувања и кон трансферите на локална самоуправа бидејќи со тоа не им се дава еднаква шанса, особено на новоформираните општини да заживеат за едните Владата обезбедува

услови, згради и други услови а за другите немаат шанса, а со овие намалувања исто така ќе се зголеми оној неднаков стопански развој. Можеби образложението од вишокот стопански средства ќе се врши некоја друга прераспределба делумно да го ублажи тоа, меѓутоа во целост не. Исто така сметам дека Министерството за правда е неоправдано намалување за изградба и опрема на судски згради и судски објекти, бидејќи знае дека судската палата во Скопје, Основниот суд Скопје I и Скопје II работат под секој дигнитет на суд, бидејќи се многу лошо опремени, тоа особено за Основниот суд II, така да ако оваа зграда не продолжи да се гради поинтензивно можеби во наредните 5 години нема да биде изградена, така да судиите и судските работници ќе продолжат да работа и понатаму во несфатливо лоши услови. Јас нема многу да повторувам јас изразувам резерва на големината на буџетската резерва и на алтернативи кои се дадени за нејзиното користеше.

На крајот како деловничка интервенција, бидејќи не сакав да ја прекинувам дискусијата би сакал да укажам дека на вчерашната седница и на денешната се изнесени некои многу груби претешки зборови, можбие обиди за навреди па и покрај тоа што речникот на секој пратеник претставува одраз на неговата лична култура, јас би го замолил на такви изрази, како што се глупости претседателот барам да ги опомени во иднина.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван петседателе, почитувани министри на Владата, почитувани колеги , ќе бидам сосема краток со намера да фрлам една поинаква светлина врз ребалансот на Буџетот, пред се од политички аспект. Прво мислам дека ребалансот на Буџетот како и Буџетот претставува огледало од кое се одсликува водењето на вкупната економска политика на Владата во земјата, за што заслужува многу подобро, темелно образложение, отколку ова штуро образложение кое го добив денеска, односно со текстот на ребалансот на Буџетот. Исто така

XI/8.-

мислам дека е хендикеп на расправата по оваа тема претставува недостиг на темелна анализа за движењето на остварувањето на макроекономската политика во досегашниот период, како што исто така оценувам дека иако Владата се обидува преку своите претставници да објасни дека ребалансот е резултат на рестрикции кој сака да ги спроведе Владата, сепак треба да се признае фактичката вистина дека ребаланс на буџетот е заради нереализацијата на проектираните приходи кои беа зацртани со Буџетот за 1997 година за околу 6,5%. Ако се направи макар и површна споредба, компаративна анализа за тоа што предвиде Владата во макроекономската политика за 1997 година, а какви се резултатите со кои се сретнуваме кои се одразуваат во ребалансот на Буџетот, може да се констатира следното: на стартот на макроекономската политика во текот на првите 6 месеци, значи најдоцна до јуни месец, заради поповолно остварување на макроекономската политика ќе бидат донесени следните закони, Законот против монопол, Законот за сопственост на земјиште, Законот за користење на земјиште, Законот за воведување на данок на доход и плус би го додал Законот за денационализација. Ниеден од овие закони и покрај ветувањето на Владата и превидувањето не се сеуште донесени. Исто така иако беше предвидено дека ќе дојде до заживување на општествениот производ и производството и дека ќе се создадат услови за негов траен пораст,. резултатите кажуваат дека вистината е малку поинаква во однос на тоа што е предвидено. Исто така иако е предвидено да се создадат услови за пораст на вработеноста, фактичката состојба покажува дека бројот на невработените е зголемен за 5,2% во текот на првите 6 месеци и дека е околу една третина од вкупниот број на вработени или нередовно земаат плата, или земаат плата со задоцнување. Исто така иако е предвидено дека ќе има поттик на инвестициите во приватниот сектор тоа не е на саканото ниво заради тоа се резултатите такви какви што се и за финансиското поддржување на малите и средни претпријатија.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ: (**продолжение)

Исто така не се обезбедени можности за поинтензивно влегување на странски капитал и за директни странски инвестиции во приватниот сектот во нашата земја.

Посебно се загрижувачки состојбите на надворешен трговски план, иако беше предвидено дека ќе се создадат услови за значително зголемување на ивзозод и тоа многу оптимистичка бројка за зголемување на извозот за 10%. Бројките покажуваат дека извозот не само што не е зголемен за 10%, туку е намален за 3%, за разлика од увозот кој, спротивно е зголемен за 6%, поради што трговскиот дефицит изнесува 279 милиони долари. Слична е состојбата и во областа на инвестициите и во областа на привлекувањето на странскиот капитал.

Исто така, би сакал да го потенцирам и фактот дека и овој пат во ребалансот на Буџетот изостануваат податоци за средствата кои се прибираат од приватизацијата, поради тоа што Владата на Собранието на РМ сеуште му нема предложено програма за користењето кои се собираат од приватизацијата.

Исто така, слични се состојбите, за разлика од предвидувањата и во областа на порастот на општествениот производ кој бил предвиден да порасне за повеќе од 5% и индустриското производство за околу 5,5%, а податоците покажуваат дека имаат скромен пораст на индустриското производство не за тие проценти, туку за 2,4% за првите 6 месеци од годината, што е резултат, веројатно, на ниското ниво на искористеност на производните капаците во нашата земја.

Би сака, иако веќе кажано да го потенцирам фактот дека сум крајно збунет од фактот што и покрај ветувањата што ги даде Владата во преговорите со ММФ и Светската банка дека ќе дојде до намалување на бројот на вработените во Државната администрација за 10%, уште пред 1,5 година ако добро се анализираат бројките во ребалансот на Буџетот произлегува дека мимо одлуките на Владата има голем број на нови вработувања во Државната администрација, што мислам дека не е добро и влијае на зголемувањето на јавната потрошувачка.

На крајот би сакал да кажам дека е крајно време, од страна на претседателството на Собранието на РМ да се покрене иницијатива за донесување на закон за формирање на независна служба за контрола на користување на трошоците на приходите во Буџетот на РМ, затоа што е повеќе очигледно дека и покрај повеќето години од донесувањето на законот за Буџет, Владата нема намера да предложи закон со кј ќе се формира таква служба која ќе се грижи за контрола за користење и трошењето на средствата кои се реализираат со буџетот на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г.-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Би сакал да искоментирам накусо неколку значајни работи. Знаете јас не сум човек кој не е отворен за критички сугестии. Мислам дека е тоа во ред, и тие се сосема корисни и во таа смисла ќе прифатиме се тоа што мислиме дека навистина може да ја подобри во иднина ситуацијата.

Јас во таа смисла им благодарам на сите оние кој навистина дадоа корисни забелешки. Еве и ќе ги спомнам тоа се пратениците: Минов, Николов, Наумовски, Соколовски, Мешков, Шапуриќ и низа други. Меѓутоа исто така имаше и паушални забелешки и не аргументирани оценки на кој сакам накратко да го задржам вашето внимание.

Знаете дека економијата има голема предност. Меѓу општествените науки сепак е најквантитавивна и тука говорат бројките. Со бројките можете да докажите што направила и што не направила Владата. Меѓутоа, паушални оценки дека ништо не е направено и дека се ова што се прави апсолутно не чини, навистина во најмала рака се и несериозни. На пример, оценка дека Владата не ги знае глобалнит економски состојби во земјата, не сакам да ја коментирам, нека ја коментира и поширокота јавност. Не станува збор за тоа дека е навредлива. Мислам дека е несериозна таква оценка.

Владата не ги знае ефектите од извршената девалвација. Владата расправаше за ефектите од извршената девалвација на посебна седница, со материјал кој беше подготвен и до страна на централната банка. Имаше и конференција за печат и во јавност беа презентирани. Прашање е сега дали некој сака тие да ги види или да не ги види а најбитно е тоа дека некои работи во економијата се чувствуваат, не мора да ги гледате.

За какво зголемување на цените зборуваме. За 0,5, 06, 0, на месечно ниво се зголемени цените во услови кога после девалваци-ата првите три до четири месеци се критични и обично тогаш ќе се изедат ефектите на девалвацијата. Изгледа некој не сака да признае дека овој цел пакет на мерки врзан за девалвацијата навистина е извонредно добро обработен од Владата и ефектите се тука. По однос на цените, апсолутно. По однос на другите ефекти, па десет пати во Печатот

пишуваше и беше кажано дека Народната банка на РМ откупи помеѓу 35 и 40 милиони девизи. Зарем тоа не е ефект. Тие девизи се влезени во Централната банка и за тоа се зголемени девизните резерви. Меѓутоа добрите познавачи на економијата знаат и друго. За да се откупат тие девизи треба да влезат пари во оптек. И по таа основа се влезени 2 милијарди нови денари во оптек. Тоа ја релаксира вкупната монетарна состојба и ја подобрува општата состојба во стопг ството има ефект врз зажувување на вкупната стопанка активност.

Многу често се говори дека ние не го знаеме нашиот општества производ, не знаеме колку е јавната потрошувачка во општествениот производ, не знаме колку се изворните приходи на Буџетот во општествениот производ. Навистина прашање е дали сакаме тоа да го видиме, или не сака ме.

Министерството за развој ја кажува бројката 166 милијарди денари оценета големина на општествениот производ. Тоа е, ако одите по денешниот курс на доларот, 3 милијарди американски долари, а оценките се меѓу 3 и 3,5 секогаш редено, со оглед на тоа што и по светската методологија постојат различни начини за проценка на вредноста на општествениот производ.

Г-да пратеници, вие исто така го изгласавте Законот за Буџет и Законот за ограничување на јавната потрошувачка каде што се дадени бројките. 66 милијарди е вкупната потрошувачка, а вкупната јавна потрошувачка е Буџет на Републиката локалните буџети на Републиката и вонбуџетските фондови, односно социјалните фондови. Лесно може да се пресмета колку е 66 милијарди денари во 3,5 милијарди американски долари и учеството е многу јасно и видливо во секој момент.

Лесно може да се пресмета дека овие 2,9 милијарди долари се 7% намалување од изворните приходи на Буџетот , 41,3 милијарди кажано е и во воведното излагање, а колку е тоа намалување во однос на останатите елементи што се релевантни на ваквите анализи.

Јас можам да ја прифатам критиката, тоа што неколку пратеници рекоа дека ваква работа заслужува поширокиот образложение. Јас ќе ви кажам искрено направив широко образложение дома и многу се изнамачив да го скусам. Најтешко е да се оди со кусок. Лично мислам дека е содржајно. Се извинувам ако навистина не е содржајно, но може-ме за тоа да разговараме,. Основно е и тоа што некогаш треба и внимателно да се прочитаат работите, бидејќи за низа прашања што беа поставени овде има одговор и во самото образложение. Да речеме позицијата 279 неколкупати беше спомната. Тоа е за позицијата за ТАТ. И во образложението стои исто така дека е ТАТ, дека се три месеци по 90 итн. Јас вчера го доставив тоа и мислам дека имаше време и да се прочита . Но добро во основа на тоа не е проблемот.

Сега кога сакаме да излеземе со аргументи дека, добро и прмените во законските прописи и евазијата придонесува за тоа да не се остваруваат приходи. Тоа се два факти кои сигурно не можат да се елиминираат. Тие се објективно присутни. Евазијата е тука основна и ние не веруваме во друго.

Прво, почитувани дами и г-да, кога велам во економијата има факти, аргументи и бројки сакам сите да ве потсетам што е многу битно.

РМ во ровите 4-5 години, транзициони во тој таканаречен транзиционен шок, изгуби 45 до 50% од својот општествен производ, во

прв ред, меѓу другото и заради дејството на неекономски фактори Се распадна земјата, блокади од Север, блокади од Југ итн. Половина од својот општествен производ Македонија ги изгуби и нема земја во транзиција што во истиот тој период не изгуби општествен производ, некаде повеќе, некаде помалку. Тоа е факт. Ако се отвори светската литература и тоа што се пишува перманентно тоа може да се види секаде според тоа намален во основа колачот кој што е предмет на зафаќање со фискалните мерки. Тука е основната причина зошто со тек на време пагат зафаќањата што се наменети за јавна потрошувачка преку делот на Републичкиот буџет. Тоа е правата и основна работа.

Понатаму, јас не знам што е она, или не сака тоа да се погледа поинаку што создава забуна кај данокот на профит. Јас го има воведното излагање од минатата година, двата аспекти се кажани. Ние ја намаливме стапката од 30 на 15%. Рековме, мислиме дека со ова ќе постигнеме зголемен даночен опфат. Навистина не постигнавме 100% зголемен даночен опфат, меѓутоа тој е постигнат бидејќи и она 1,4 ако го оствариме до крајот, тоа е повеќе отколку што е соодносот со намалување на стапката што се намали од 30 на 15%. Меѓутоа,ако не дојдеме до 2,3 милијарди долари, а очигледно нема да дојдеме тоа значи дека една милијарда, јасно е кажано и во воведното излагање е останато во стопанството, кај добрите претпријатија, а и оние ќе оствариле и прикажале профит. Другите што немаат профит, не плакат данок на добивка и тие пари се останати во стопанството. На тој ефект и сметавме. Тој ефект е значен. Ве молам немојте да заборавате со последните промени во законската сфера меѓу другото рековме дека не само што ќе ја намалиме профитната стапка, и тоа го направивме, туку комплетно се ослободува од плаќање на данок и делот што се

реинвестира во фирмата. Така да ако сакаме комплексно да ги гледаме работите, нема да го мериме само изгубениот ефект што е овде во Буџетот, туку треба да се види каков е ефектот во столарството, како што не можеме да го гледаме изгубениот ефект во Буџетот, од тоа што не ја покачивме цената на нафтата .Ајде да видиме каков ќе беше инфлациониот ефект ако се зголемеше цената на нафтата тогаш. Буџетот презеде ризик да се намалат приходите за 600 милиони и кажуваме дека не се намалени за 600 милиони, благодарение на тоа што добро се остваруваат ни приходите од акцизи и стари побарувања ги реализираме, а растат акцизите од тутун, од кафе, со последните промени, со смалени акцизи и стапки. Сега ако сакаме некој работи да ги видиме, ке ги видиме.

Ве молам, да не бидам погрешно сфатен. Евазија има. Во Република РМ евазија има и тоа перманентно тоа го кажувам и во јавни настапи итн., Не може тоа да не се признае. Меѓутоа, сега е прашање дали ние како држава сме доволно организирани колку спеваме тоа да го намалиме.

Една студија што ја работеа научни работници покажува дев сивата економија во последните 5-6 години намалена е за 6 до 7 индекни поени во РМ, сведена на 35, 36%, од 40 и нешто повеќе. Сега во сивата економија дел е врзано и со евазијата. Ние, верувајте, правиме огромни напори во управата за јавни приходи пред се на подготвување односно едукација на инспекторите. Ние правиме перманентно семинари со американскиот трезор, со други експерти итн. Готови сме дефинитивно со Законот за управа за јавни приходи каде што ја поставуваме и финансиската полиција, односно Секторот за истраги. Законот за додатна вредност, прочитате, излезе до владина процедура и доставен е до Собранието. Меѓутоа тој ќе воведе револуција во доменот на

евазијата, но многу е тешко да се воведе и бара време.

Јас се согласувам со она што некои од пратениците не се сеќавам сега, рече, понекогаш и зградите се мизерни во управите за јавни приходи итн. Точно е тоа. Меѓутоа оваа Република со овие скромни средства и ресурции прави максимални напори да ја подобри ситуацијата. Јас откако сум дојден во 12-тина подрачни единици комплетно ја изменивме ситуацијата, или реновирање на зградите, или купување на нова зграда што исто така компактна инсталација менуваме, компјутерите се набавени, програмите се тука, луѓето се вработени се подготвуваме за данокот на додадена вредност. Меѓутоа почитувани дами и пратеници, ен се прават некој работи преку ноќ. Процес е тука. Така да се зависи од тоа кој е аголот на гледање. Па се забележува, Владата не обезбедила инвестиции .Владата не може и не треба да обезбеди инвестиции. Владата обезбедува инвестиции во еден друг систем, Во ваков систем инвестициите ги обезбедуваат стопанките објекти. Владата создава општ претприемнички амбиент за да можат тие нормално да работат и да стопанисуваат.

Јас морам да кажам дека ме навреди искажувањето дека тие 750милиони кои книговодствено се ставени во Министерството за финанс и тоа во функција на државата, а разлика е меѓу Министерство за финансии и функција за држава. Тоа е сосема различно. И што е нормално книговодствено да се стави во Министерство за финансии каде што сите приливи доаѓаат. Потоа дека Владата сака д прави црни фондови.

Ве молам за никогаш не сум правел црни фондови ние би бил министер ако така работам јас. Ако морам така да работам јас сам ке си одам од оваа функција. Според тоа такви квалификации јас навистина со ититираност ги одбивам бидејќи не е коректно и не е добро.

XII/9.-

Точно е тоа што некој друг го кажува овде, не е вообичаено да се направи толку голема резерва. Тоа е точно. Буџетските резерви наши и резервите биле 100, 150 ,милиони, тоа е она што е нормално. Сега имаме специфична ситуација и јас ќе кажам што е суштината. Кажано е и во воведното излагање и во Комисијата за финансирање и буџет.

Го имаме Законот за финансиско работење. Неговите ефекти беа поголеми отколку што очекуваше и самата Влада и да не кажам од она што предвидуваа експертите на меѓународни институции дека вие ќе остварите со тоа 700 милиони итн. Ефектите се далеку поголеми. Тоа е факт, Тие се квантифицирани до Заводот за пратен промет, Министерството за финансии и сл.

Ние имаме една генерална политика дека дефиците во социјалните фондови полека но сигурно треба да ги елиминираме. Сега има критика и од тој аспект, велејќи, па за социјала само да даваме

Колку и како ќе даваме за развој. За социјала мора да даваме за да опстоиме на линија на реформите, додека невработеноста е голема . Второ, дефицитите во тие фондови што беа огромни, секогаш имаат повратен инфлаторен ефект. Тоа е а и б во економијата и сите го знаат тоа. Ние успеавме скоро до крај да го намалиме дефицитот во Фондот за вработување, Завод за вработување. Тоа го направивме и со пензискиот фонд каде што тие беа огромни, а догодина ќе дојде на ред и Здравствениот фонд и пак ќе мора државата со Буџетот да го изравни тој дефицит, ако еднаш сакаме да се ослободиме од тие дефиците кои што се страшен генератор на инфлацијата. Ако останат тие се опасни затоа што пак ќе не вратат на оние стапки што ги имавме порадно.

XIII/1.-НН/лј

**ТАКИ ФИТИ:**

Според тоа ние велиме, ги знаеме како Влада ефектите од Законот за финансиско работење, ќе видиме до крај како ќе одат работите, со овие трансвери што треба од буџетот да појдат, да дојдат до социјалните фондови да речеме до пензискиот фонд имаме уште 850 милиони мислиме дека комплетно ќе се заврши работата таму и дури ќе остане нешто резерва во Буџетот. И не само што дефицитот ќе го елиминираме туку и фондот ќе ги врати кредитите што ги зема према банките.

Според тоа ако тоа се постигне и ако другите социјални фондови одат добро овие 750 милиони Владата на Република Македонија ќе ги врати таму каде што се кусењата на ставките во Буџетот најголеми. Во прв ред тоа се капиталните трансфери. И немојте ве молам да мислите дека ние тоа ќе го злоупотребуваме. Прво, никој од министрите нема да дозволи многу да е скусен а да не му се вратат пари. Разговарано е на Влада тоа. Точно знаеме каде се најголемите кусења. И беше спомнато овде, ми се чини дека г-динот Најдовски кажа. Онака како што кажа г-динот Најдовски тоа планира Владата да направи. Прво Фондот за патишта кој што е навистина многу скусен. Него мораме да го релаксираме. Агенцијата мораме да ја релаксираме, капиталните трансфери во сите министерства каде што постојат, а се скусени исто така. Тука има и земјоделство враќање, и во наука враќање и во низа други дејности итн. Сега, Владата тоа ќе го направи не законски. Ве молам, отворете го Законот за Буџет каде што се вели кога во кои услови Владата како може со одлука за пренамена што се објавува во Службен весник да ги направи тие пренамени.

XIII/2.-

Знаете, помалку некогаш иритираат она што г-динот Фаик Рече една општа недоверба. Никој не мисли да прави црни фондови или да троши пари надвор од ова, а дали некој мисли дека може црн фонд да се направи од 750 милиони. Па слушајте, ние имаме аранжмани со меѓународниот монетарен фонд. За пет минути кога експертите ги гледаат стапките, контролата тие знаат каде е потрошено ненаменски. И мислите дека може некоја меѓународна финансиска институција да соработува со Министерство за финансии или влада кој што таков тип на корупција прави. Го имате случајот на Босна кога веднаш им ја запреа помошта заради корупција. Според Тоа не треба така лесно и едноставни оценки да се даваат за да се навредиме. Не е убаво. Многу е добро кога има критички забелешки, за кои што можеме да разговараме и треба да се прифатат.

Еден од пратениците, Аце Коцевски или Најдовски кажаа ова со Агенцијата за приватизација. Јас знам дека тука ние сме погрешиле како Влада. Ние направивме сега една програма што ќе ја доставиме до парламентот, меѓутоа проблемот е што навистина тие се многу мали пари но за идната година веќе ја осмислуваме работата и тоа да го ставиме во канален ред и секој издаток на агенцијата најпрвин, за да биде транспарентно, да дојде во Буџет па после со контра налог да оди надвор. Но, верувајте тука револуционерни промени има во Буџетот. Време ни треба. Ние сега го поставуваме трезорскиот систем. Некој велеше никогаш не може Министерството за финансии да ги утврди сопствените приходи на министерствата. Ние ги утврдивме. До овој момент не се мали 4,2 милијарди денари сопствени приходи има. И верувајте водевме

сметка кога вршевме кусења за сопствените приходи на министерствата. До крајот на годината ќе имаме јасна состојба. Јас ветив, Комисијата за финансирање и буџет побара информација и за тоа ќе дадеме. Сакаме транспарентно да работиме, сакаме да ги отвориме сметките и да се види што е трошено, како е трошено. Верувајте немаме никаков мотив работи да криеме и сл.

Едно прашање беше поставено, мислам од г-динот Најдовски, морам јас сега сосема накусо да дадам појаснување зошто дефицитот е планиран со ист износ во денари во услови кога се изврши девалвација. Тоа навистина малку збунува. Едноставно одговорот е - во различна структура на девизи е долгот на земјата (долари, Германски марки, швајцарски франци итн.), и во различни години, се разбира таа структура исто така може од година во година ануитетите кога се гледаат да варира. Вие знаете дека на меѓународниот финансиски пазар каматната стапка либорот Шестмесечен исто така варира и не е ист за секоја валута. Во меѓувреме не само што дојде до девалвација на денарот, но дојде до менување на соодносите и на Валутите. Силен пораст, да речеме на вредноста на доларот. Од прилика е скоро половина помал либорот на германската марка во однос на доларот, моментална ситуација и по таа основа враќаме помалку ако поголем дел од ануитетите се во германски марки. Тука се тие разлики околу каматната стапка и околу структурата на долгот по валути, горе долу донесоа да тоа биде исто толку. Тоа е и контролиран дел од меѓународниот монетарен фонд бидејќи никој нема да ни ги прости долговите и ние мораме редовно да ги сервисираме и ги враќаме редовно до цент преку експертната сметка на Буџетот, кое што е лоцирана при Народната банка.

Би сакал да појаснам и неколку друти прашања. Една од нив е планирањето на Буџетот. Не може ни најсложениот компјутер особено во земјите со транзиција, а не може и во западните земји точно да предвиди колкав ќе биде процентот на реализацијата. И како што кажа некој, ми се чини г-динот Шапуриќ, ребалансите не ее невообичаена работа и нема земја што не прави ребаланси на Буџетот. Главно се се гледајте и високо развиените земји надолу. Степен на реализација од 94% за земји со висок степен на економска развиеност е многу високо достигнување. Кај нас најверојатно би требало да биде уште поголем степенот на реализација, но таму не се болни ребалансите бидејќи дефицитот се покрива со државни обврзници и едноставно крајните буџетски корисници не мора да настрадаат. Кај нас проблемот е во тоа што не смееме ние тоа да го правиме, затоа што водиме политика на стабилизација и на крајот на краиштата секогаш ќе настрадаат крајните буџетски корисници. Меѓутоа, 6% ни така страшно. Ние во Министерството за финансии, еве кажувам пред Собранието, сме повеќе од сигурни дека 94, а може би и нешто повеќе од тоа ќе реализираме и оваа година и затоа го предлагаме ребалансот на толку. Тие приходи ќе ги реализираме. Се што ќе се реализира над 94, бидејќи ребалансот веќе е сега направен, се разбира ќе се пренесе како обврска догодина и ќе биде предмет на структуирање на јавната потрошувачка за да година, така да од тој аспект исто така не би имале посебни проблеми.

Кај персоналниот данок ние сега имаме над просечно остварување, а планираме дека тоа ќе биде помалку од првобитниот план. Не можам да кажам дека сме сигурни во тоа и не може точно да се предвиди, бидејќи не знаеме после завршување

XIII/5.-

на ефектите, на еднократните ефекти на законот за финансиско работење како тука ќе одат работите. Има ефекти и од втората мерка и слично, така да малку сме попретпазливи, да не дојдеме во ситуација да испланираме поголеми приходи, да не ги реализираме, па да влегуваме во другата буџетска година и да одиме со уште еден нов ребаланс. Она што го кажав во воведното излагање. Тоа е недостатокот на ова ребалансирање, кое се правеше порано, бидејќи не може со сигурност да се види како ќе течат работите. Но, голема предност е што буџетските корисници отсега ќе ја знаат ситуацијата.

Имаше неколку прашања околу ставките, ми се чини дека претседателот г-динот Мешков, на Комисијата за финансирање и буџет постави прашање за онаа ставка од нови 50 милиони. Тоа се судски решенија, кои што стануваат извршни, за жал не, и сега тука колку како јавниот правобранител успеваат тие работи да ги одбрани, но во оној момент кога ќе постане тоа извршно често пати се симнуваат парите од Министерството за финансии бидејќи кај судиите стои тоа пред убедување дека парите се во Министерството за финансии а би требало да се симнуваат од сосема друга сметка. Меѓутоа, тие се ефектуираат. Ние лани имавме околу 63, 64 такви, не се сеќавам на сумата, разговараме стално и со застапниците наши да се види таа постапка како оди меѓутоа, такви работи се случуваат. Ова 272 е за ТАТ. Таа позиција е за ТАТ. Првите три месеци 3 x 9 = 90; 270 милиони. Јас верувам дека деновиве ќе почне исплатата како што кажуваме и тука сега нас фактички не фати октомври заради сето она што се случуваше околу Законот и другите работи, а сега има проблем стечајните управници со списковите, во случајот една штедилница е готова ние

очекуваме дека за 3-4 дена ќе почне исплатата рамномерна за сите и сите плати како што се во Законот предвидени сите исплати ќе бидат реализирани.

48 гаранции. Дадена е гаранција пред, јас не знам колку време, пред 3-4 години за преспатекст и таа гаранција е падната и буџетот ја плаќа, бидејќи е потпишана тоа време нормална банкарска гаранција, сигурно преку Стопанска банка одела зделката а буџетот е тука супер гарант и слично и врз таа основа моравме ние да го извршиме тоа плаќање. Затоа е таа ставка ставена тука.

Ќе завршам со тоа, секогаш кога се вршат кратења на буџетските позиции тоа е болно и неможат да бидат сите задоволни, некои се повеќе некои помалку погодени, меѓутоа, почитувани г-да пратеници водевме сметка за позициите на секое министерство, се консултиравме со секој министер поединечно, на Владата внимателно разговаравме за тоа, ги зедовме во обзир и сопствените приходи на Министерствата кои што сега ги знаеме и настојуваме таму каде што е посебно осетливо да не кусиме многу. Овие 750 ако се оди нормално со дефицитите во социјалните фондови, а веруваме дека добро тука ќе завршиме ќе ги вратиме онака како што беше и овде споменато. Точно таму каде што кусењата се најголеми.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Процедурално ве молам.

Јас се јавив за процедурална интервенција во однос на излагањето на министерот за финансии од следниот аспект.

XIII/7.-

Мислам дека воопшто не е парламентарно кога истиот се впушти во коментари и одговори по неколку дискусии на пратеници, да не го искоментира и не даде одговор на моите три поставени прашања децидно. Јас би рекол, парламентарно барам ако министерот е спремен да ми одговори, бидејќи кај овој ребаланс отсуствува извештај за реализација на досегашниот буџет. За тоа не се знае и децидно е прашањето, постои позиција стимулации за извоз. Постои одлука за укинување на тоа, а сега во ребалансот повторно фигурира таа позиција. Тоа е многу битна работа. Дали се планираат мерки за понатамошно стимулирање на извозот, конкретно на земјоделието, што мене ме интересира.

Второ прашање дали може да се врши, бидејќи кажува изворен приход од увоз на давачки, за тоа јас претпоставувам дека е прелевманот, па прашувам, бидејќи има начални формулации, вели 'оперативни други издатоци" Кога е таква формулација јас прашувам дали таквите изворни приходи на Буџетот односно сега со ребалансот можат да најдат намена за компензации на високите каматни стапки за откупот во земјоделието. Тоа е второ конкретно прашање.

Трета работа е Дали имаме многу заостанати, неизмирени долгови од Министерството према извозните претпријатија и државни и приватни за реализиран извоз по основ на стимулации. Што се планира за раздолжување на нив и дали може да компензираат со она што тие го имаат спрема државата во делот на наплата на царина.

Се извинувам со едно инсистирање да ми одговорите.

XIII/8.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Прво, јас затоа кажав благодарам на некои корисни сугестии дел од дискутантите што ги даваат, бидејќи дел од прашањата треба да се виде и да се размисли, мислам од предлозите што се конкретно дадени.

Инаку, прашањето што е врзано со стимулациите да ве потсетам. Има таква позиција која што е профилирана оваа година на 150 милиони денари и таа е во целост извршена, меѓутоа проблемот со стимулациите, тоа е ситуација што е наследена во министерството години наназад е тоа што тие се пренесувале од година во година, така да од тие 150 милиони денари најголемиот дел биле минатата година направени односно стекнато правото и ние ги исплативме, а позицијата од 150 милиони е исцрпена и ние не можеме да одиме фактички на таа позиција.

Но, тука е основно да видиме како на кој начин и ние ги правиме сега прегледите на тие претпријатија. Можеме тие претпријатија да ги искомпензираме, бидејќи како што кажа и г-динот Минов дел од нив и должат на државата по основа на даноци и слично. Мислам дека во основа таа работа ќе мораме најверојатно на тој начин да ја решаваме.

Јас затоа и реков некои работи треба да се размислат ова што го кажувате за компензација на високите каматни стапки во земјоделството. Како идеја не е лошо, меѓутоа треба да се види што може да се направи, како може да се направи, така да јас верувајте бележев се и ги имам во обзир сите прашања.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, почитувани министри

Со оглед на тоа што јас се препознав во голем број од одговорите на прашањата на министерот би се обидел накратко само да дообјаснам неколку работи и воопшто не се полекувам од она што го реков.

Прво, и во самото излагање на г-динот министер, кое што после оваа расправа беше се потврди фактот и она што го реков дека отсуствуваат сознанијата и оценките од Владата за глобалните економски состојби во земјата, остварени резултати во земјата и ред други работи.

Јас мислам дека во ниеден момент тоа не е покренато, бидејќи ние овде како пратеници, реков и кога дискутирав дека за прв пат од ова министерство имавме образложение со едно две страници по однос на еден така важен документ. Ако министерот сметаше дека со тоа што реков Оттука не само пратениците и граѓаните туку произлегува дека и Владата на Република Македонија не знае колку проценти од општествениот производ се издвојува за вкупната јавна потрошувачка" Јас се уште стојам на тој збор од следниве причини. Заради тоа што нас како пратеници досега ни немате дадено званичен документ по однос на тоа прашање. Од тој аспект тоа го реков и сеуште го велам, затоа што ние како пратеници немаме навистина во ниеден документ за тоа досега добиено. Сметам дека отсуствува за нас пратениците една таква анализа, една таква информација. Вие кажавте сега дека Владата знае, но која е тогаш нашата функција како пратеници ако тоа нас не ни го добро овде, пропратно со овој материјал, како што рекол за буџетот требаше да има едно 'Дебело"образложение, кое што требаше да го пратат сите овие анализи.

XIV/1.-JM/OM

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ: (**Продолжение)

Сакаше да се порекне она мое тврдење дека една од главни причини за донесувањето на ребалансот е евазијата на даноците. Вие рековте дека ние како пратеници и редно е , добро е, еден од начини те за информирање е и од весниците да се информираме. Иако според мене тој не е најдобриот начин, туку најдобриот начин е директно да ги добиваме тие информации овде во Собранието на Република Македонија. Но, ако се информираме од весниците и треба да се информираме тогаш исто така од весниците се информиравме дека постои голема евазија на неплатен данок од Окта, тоа го пишуваше во весник и тоа во износ од 15 милиони марки, или долари. Исто во тие весници се зборуваше дека раководители на големи фирми кои што седат во овие клупи не платиле по 3, можеби и 5 милиони марки данок. Па никој тоа не го порекна. Тоа е само еден од неколкуте аргументи околу евазијата на даноците.

третата работа , навистина можеби министерот погрешно ме сфатил околу црните фондови и во која конотација беше тоа, ниту на крај памет не ми паднало да речам за овој министер овде кој што е сега дека тој е тој што го создава црниот фонд. Тоа го поврзав во една конотација со јавните нарачки во Министерството за внатрешни работи, но и понатаму стојам на своето тврдење дека неалоцирањето на трошоците во трошковните ставки и оставањето на слобода на Владата и на одредени функционери да одлучуваат за големи суми на средства овозможува начин на злоупотреба на тие средства. Ќе го кажам следново. Според законот Собранието е тоа кое што го донесува Буџетот на Република Македонија. собранието извршувајќи ја својата контролна над извршната власт во овој случај над Владата треба да оневозможи

и најмала можност за неправилно трошење на буџетските средства. Во таа смисла сметам дека секое неалоцирање доволно на трошоците и ставање во други оперативни трошоци , ставање во други намени , ставање во тековни резерви овозможува, сакам да предочам дека овозможува на фактот ова Собрание да не ја извршува таа контролна функција и за мене тоа не претставува ништо друго, туку Собранието при донесувањето на Буџет или на ребаланс на Буџетот на Република Македонија да овозможи неправилно користеше. Тоа е околу црните фондови и навистина г-дине министре не мислев на Вас дека Вие создавате црн фонд, затоа што го немам тоа право без аргумент во никој случај тоа некогаш да го кажам.

На крајот јас сметам дека не само мојата дискусија и дискусиите на моите колеги и од мојата пратеничка група и на пратенците од Социјал - демократскиот сојуз укажаа на тоа дека е неправилно толкавото намалување на средствата кои што се за капитални трансвери во Буџетот. Тоа не е само мое тврдење, а капиталните трансвери тоа е точно дека Владата и со нејзината политика создава амбиент за стопанството. Исто така Владата со одредени вложувања на буџетски средства директно влијае на инвестирањето во државата. Јас не сакам сега со Вас да навлегувам , сигурно Вие теоретски и подобро тоа ќе го објасните, но сигурно дека Владата може да влијае на инвестициите парите кои што се за изградба на патишта. Сигурно Владата може да влијае на зголемување на инвестирањето со парите кои што се за развој на недоволно развиените подрачја. Еве министерот на крајот за да биде се како што треба , мислам да се оневозможи тоа создавање на црни фондови слободно нека каже дека после завршувањето на буџетската

година ние ќе имаме точно некаде околу 10 јануари точно како се потрошија тие 750 милиони денари , со Службен весник , но сепак тогаш се остава право на Владата . Моето залагање е следно, да не се наметне Владата над овој Парламент, туку обратно Парламентот да би, тој кој што ќе кажува како ќе се трошат парите, бидејќи тоа и со закон е должен овој Парламент.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Процедурално прашање , се однесува една молба до министерот за финансии д-р Таки Фити. г-дине министре Вие на одговорите на прашањава што ги поставија денес во врска со оваа точка пратениците од едната и од другата страна им одговоривте со душа и срце. Оние кои што не Ве развираат нека дојдат на факултет да им кажете како тоа изгледа. Ве молам, повеќе да не станувате , туку да поминеме на гласање по точката.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Испомешавме и процедура и реплики и се. Кога е Тантаров се е можно, тоа е дозволено. Но, јас би поставил едно прашање до министерот кое преовладуваше, така кое висеше, а верувам дека министерот ќе одговори она што во овие услови при стечаи, во услови кога доаѓа до тоа кога многу фирми отпуштаат голем број работници, кога знаеме каква е состојбата при вработување, скоро во сите министерот енормно доаѓа до зголемување на нови вработувања. На оваа говорница премиерот кажа 1996 година дека нема да има нови вработувања. Мисла дека е многу чесно министерот да каже зошто се крши и во сите министерства по партиска линија се вработува. Таму и каде што нема место луѓето треба да си донесат столче, да се вработат. Мислам ова е неправда спрема оние луѓе што останаа на улица.

XIV/4.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам беше поставено неколку пати и навистина треба да се одговори. Јас забележував многу работи, најверојатно знам дека сте и Вие изморени, некои работи едноставно испуштив. Вие ако го гледате предложениот ребаланс почитувани пратеници, ќе видите дека точно има некаде зголемување на платите како ставка, меѓутоа има на низа места и намалувања. Погледајте ја вкупната ставка на платите 13,6 милијарди, тоа не смее да мрдне, бидејќи постои Закон за ограничување на платите во јавниот сектор и ние ќе ја завршиме годината онолку колку што беше на почетокот со 13,6. Сега институции како што се овие што се врзани за јавната потрошувачка каде што не знам 60,70 илјади луѓе се вработени, тоа е жива материја. Ве молам треба и т да го имате во предвид. И ако има некаде покачување на платите воопшто не мора да значи дека има нови вработувања. Нови вработувања има повеќе да речеме судовите и т.н. со онаа реорганиазција што уследи со судството и слично. Меѓутоа има работи кои што се резултат и на лошо планирање. ако го земете на пример Министерството за финансии тука можам веднаш да ви кажам и може да се провери и тоа ќе видите дека и таму има некое зголемување на платите што се покажа дека е грешка направено при планирањето. А откога сум јас дојден за две г ни Министерството за финансии има плус двајца вработени повеќе. Според тоа нема тука зголемување на вработувањето. И јас мислам дека во најголемиот дел на министерства нема, затоа што има и пензионирање и редовен одлив и слично. Инаку држи она што, не знам дали г-динот Коцевски и други кажаа , ние немаме сеуште реорганиазција на администрација и не е добра таа ситуација што се платите такви какви што се таму, па тоа дестимулативно делува врз ефикасноста на администрацијата. Мислам дека тоа е сериозен проблем во државата кој што допрва ќе се решава.

XIV/5.-

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, јас бидејќи бев индиректно спомнат во однос на мојата дискусија од аспект на инвестициите бидејќи дискутирав за нив, само да кажам дека точно е дека Владата не обезбедуваа инвестиции во државата. Меѓутоа преку спроведувањето на макроекономската политика треба да создаде амбиент тие инвестиции да дојдат во државата, било да е од аспект на домашен капитал, било да е од аспект на странски капитал. Во случајов во однос на данокот на добивка точно е дека фирмите според онаа бројка што ја кажа министерот располага со една милијарда денари како остаток во смисла на реинвестирање на објектите кои ги имаат, отворање нови работни места, проширување на производството и т.н. Меѓутоа факт е и тоа дека за овие 9 месеци само од општествениот производ, значи домашниот капитал учествува само со 8% од општествениот производ во инвестирањето во државата. Ако знаеме дека постоечката амортизација е 10% од фирмите, тогаш излегува дека фирмите, или стопанските субјекти не можат да ја обезбедат ниту простата репродукција. Што значи дека мора да се обратат кон банките да привлечат друг капитал банкарски кредит, да може да реинвестираат. односно да ги прошират своите капацитети, да отворат можности за нови вработувања. Затоа го реков и тоа во мојата дискусија дека при вакви услови на капитал, домашен , порано преку банките со 14% камата со мал грејс период, со кратки рокови на враќање од 3 години и т.н. Сметам дека навистина тој капитал не е достапен за да тие стопански субјекти го земат и го искористат. Токму во таа насока треба да се направи еден напор да се смалат тие камати и да се обезбеди тој капитал.

XIV/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 1997 година.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 3 раздел 10001 и 10002,по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Илија Каров и Славчо Чапов поднесоа амандман на член 3, раздел 09002, потставка 427128, раздел 12001, потставка 472026, раздел 14001, потставка 471038 раздел 28001, потставка 467014 и на разделите 09002, 12001 14001 и 28001, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски поднесе амандман на член 3, раздел 02001, потставка 468010 и раздел 06001, потставка 427020, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 3 раздел 05001, потставка 423106 и раздел 18010 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 3 раздел 14001, потставка 471038 и на член 2 ставка 420, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Вељо Тантаров, Драган Горѓиев , Ристо Трајков Борис Павлов, Ване Наумовски, Петре Трајаноски, Славко Котевски, Санде Џамбазов и Љупчо Беличев, поднесоа амандман на член 3 раздел 14001, потставка 4701038 и раздел 10002, потставка 444057, по кои Владата не се произнела.

XIV/7.-

Пратениците Ристо Трајков, Борис Павлов и Драган Горѓиев поднесоа амандман на раздел 21001, ставка 426, потставка 426091 и раздел 15020, ставка 443, потставка 443182, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 3 раздел 06001, потставка 423114 и раздел 09002, потставка 427128, член 3 раздел 07001, потставка 467030 и раздел 04002, потставка 464090 и на член 3 раздел 09002, потставка 442011 и раздел 04002, потставка 4250 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 3 раздел 06001, потставка 402028 и раздел 09002 потставка 427128 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 3 раздел 18001, потставка 441163 и раздел 10002, потставка 444057 и на член 3 раздел 12001, потставка 426016, раздел 05001, потставка 423106, раздел 06001 потставка 423114 и раздел 10002 потставка 444057, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман на член 3 раздел 12000, потставка 472026 и раздел 10002 , потставка 444057 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Панчо Минов, Ристо Николовски и Лазар Димов поднесоа амандман на член 3 , раздел 09002 потставка 427128 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001 потставка 468010 и раздел 06001, потставка 427020 поднесен од пратеник* Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 05001, потставка 423106 и раздел 18010 , поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благоја Стефановски.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да Ве потсетам на еден заклучок кој Собранието го донесе на 5 септември 1996 година. Во шесте точки, петата децидно вели вака: Собранието на Република Македонија посебно ја истакна неопходноста од надминување на крајно неповолниот третман на културната севера, зголемување на учество на средствата до културата, во општествениот производ и во Буџетот, изедначување на статусот на работници во оваа област со другите општествени дејности. Од тогаш до денес што е направено? Околу изедначување не стана збор. Околу Буџетот за минатата година иако беше договорено 30 милиони денари,на крајот не се исплатија. До петтиот месец оваа година финансирањето на програмите на материјалните трошоци со само 14% , после доаѓа девалвација, знаете,

XIV/9.-

со само 14% денешниот ден на почетокот на десеттиот месец имаме само 50% Вие знаете во која ситуација , сите доаѓате од некои градови. Денес во Буџетот нема ставка за греење во сите останати градови во институциите на културата, освен централното греење во Скопје. Изворите на Буџетот од ставката на Лотарија на Македонија повеќе не се наменети за културата, осигурувањето со 10 милиони е намалено, значи и тоа отпаѓа и програмите кои и денес знаете дека повеќе од институциите најавија дека нема повеќе да работат, некои големи фестивали не се одржаа, иако, беше скратено некаде од стотина манифестации на само дваесет и неколку манифестации. Едноставно ситуацијата во културата е така деликатна да никој нема право повеќе да му става рака во џебот. Јас Ве молам господа пратеници, јас можам да го респектирам мислењето на Владата, и со тоа на Министерството за финансии дека секаде има закинување , меѓутоа ставете се во ситуација ние денес во културата се случуваат проблеми кои што на генерации и генерации ќе се пренесуваат. И тоа не можеме така бегло како што преминуваме према некои други нешта. Едноставно тука нема можност за отстапки. Јас сакам да ве предупредам на ова што пред година дена сте го донеле. Да бидеме консеквенти, да одговориме на предизвикот на времето. Министерството за финансии и Владата мораат да ги најдат тие средства, едноставно мора да се најдат тие средства. Доколку она што Комисијата три години макотрпно ги враќаше тие позиции, денес се избришани. Јас мислам дека и ние како Комисија, а и Вие како пратеници ќе се доведеме до една ситуација да не можеме понатаму да работиме. И апсолутно се губи смислата на понатамошната работа.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:** (продолжение)

Ве молам, при гласањето сигурно полесно ќе биде господата, луѓе, во изворите тоа после да го испеглаат, иако во овој момент ви кажав најодговорно дека само 50% се исплатени од ситуацијата на културата, мислам надвор од платите. До петтиот месец пред да настане девалвацијата 14%. Знаете кои се тие камати на луѓето кои одговараат, знаете која е одговорноста на луѓето кои водат институции кои утре мора да одат на одговорност во случај на пожар. Осигуруваше да нема, знаете што ќе значи кој мрак во сите градови надвор од Скопје без греење. Тоа значи култура нема да се случува во тие простори. Мрак, темница. Никој нема тоа право. Ни вие господа кои седите од оваа страна , ни ние кои треба денес да изгласаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мора да бидеме до крај добро информирани. Јас реков дека секое скратување не е пријатно и ја погодува секоја буџетска институција, апсолутно. Меѓутоа, овде навистина се мали скратувањата да неречам меѓу најмалите, затоа што во дејностите одиме од 971 милион на околу 916 милиони, со обврска тоа што е скратено како капитални трошоци, 17 милиони, да се врати. Значи, останува скратување од 39 милиони. На Комисијата се инсистираше и тие да се вратат односно културата да не се скуси со ниту еден денар.

XV/2.-

Ве молам, во овој момент имаме степен на реализација вкупно во културата 70%, 50% дејност, меѓу највисоките во поглед на сите министерства и не е ни така драматична ситуацијата како што овде се кажува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пратеникот Благој Стефановски кажа една голема вистина кога го образложуваше овој амандман дека во културниве институции што се надвор од столицата на Македонија, се случуваат работи за кои денес можеме слободно да кажеме дека во овие средини културата почнува да се претвора во некултура.

Токму затоа, предлагам овој амандман да го гласаме, а она што рече министерот дека се одземаат малку пари, јас би рекол тоа треба да се каже на друго место, а не овде. Малку, малку за културата и еден денар одземен е голема пара.

Значи, јас се залагам овој амандман да се гласа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, добро е тоа што луѓето кои се занимаваат со земјоделство и аграрот, понекогаш да дадат поддршка за културата. На крај на краиштата, и културата е врзана и за земјоделието и за сите наши луѓе кои живеат од земјоделието.

Би се осврнал на темата која е врзана и ребалансот на Буџетот во делот на културата. Можам да кажам дека потполно се согласувам со претседателот на Комисијата за култура, иако по некогаш се двоиме партиски, но со господинот Стефановски размислуваме исто. Си ги сечеме корените, даваме пари таму каде што е непотребно, а сечеме таму каде што е најпотребно.

Ајде престанете -(прво им се обраќа на пратениците во салата, а потоа на претседателот) - Ве молам, претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, Ве молам. Ви дадов збор, говорете. Ајде, немојте да ги провоцирате пратениците. Јас реков и за пратениците од место да не дофрлуваат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Тоа се познати провокации од 46-та до сега.

Се согласувам со претседателот на Комисијата дека културата е засечена. Мислам дека таму треба најповеќе да бидеме на некој начин внимателни, бидејќи функцијата на културата преку финансирање и овој ребаланс на Буџет ги намалува виталните интереси во културата и функцијата на културата.

Јас не би се осврнувал на другите министерства каде што се редуцира буџетот и кој како некоја парола се вели штедиме. Тоа е лагата преку која се сака да ни се пласира лошата прогноза како ќе ни се остварува Буџетот и во таа лоша прогноза мораме да ја вклучиме културата. Културата со 5,8% од дејностите кои се витални за апсолутно егзистирање на културата како витален интерес на Република Македонија и не можам да кажам дека партиската припадност не може

да не со господинот претседател Благој Стефановски, да кажам дека го поддржувам неговото мислење. Впрочем, ние исто мислиме дека во културата не треба воопшто да се закине. Културата не смее да биде гибната. Ние , нашите вредности на Македонија и тие луѓе кои егзистираат овде се на најниската гранка на егзистирање во Македонија. Тие луѓе се најголеми ентузијасти во Македонија, тие луѓе кои имаат плата 5-6 илјади денари ја репрезентираат нашата култура во светот. Ние мораме да направиме така нивниот интерес и нивното влијание и нивната финансиска поддршка да биде супор или животната егзистенција да биде изедначена со сите други субјекти кои се во оваа држава. Ова намалување го сметам како еден меч кој сече и кој сака да ни ги пресече корените.

Затоа, го поддржувам господинот претседател на Комисијата за култура и сметам дека културата не смее да остане гибната , што велат битолчаните , во сферата на културата и да остане така како што е предвидено со Буџетот, како што е програмирано со Буџетот на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет и пет пратениците гласаа за.

XV/5.-

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ: (**од место)

Поединечно гласање ќе барам. Нема кворум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, колку пратеници се присутни во салата?

(По пребројувањето).

Очигледно кога гласавме немаше кворум.

Амандманот повторно го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Триесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има збор господин Стефановски.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Бидејќи некои луѓе не се информираа, влегоа да гласаат веднаш, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници кои даваат поддршка на овој предлог Тринаесет пратеници, предлогот има поддршка. Молам, секретарот да помине на поединечно гласање.

XV/7.-

**ГОРГИ СТРЕЗОСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИКАБДИ | НЕ Е ТУКА |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | ВОЗДРЖАН |
| 3 АБДУРАХМАН АЛИТИ | НЕ Е ТУКА |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | НЕ Е ТУКА |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | ЗА |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | НЕ Е ТУКА |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | ЗА |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | ЗА |
| 10 РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | ЗА |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | НЕ Е ТУКА |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | НЕ Е ТУКА |
| 15.ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | ВОЗДРЖАН |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | ЗА |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | НЕ Е ТУКА |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | ПРОТИВ |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | ЗА |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | НЕ Е ТУКА |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | ПРОТИВ |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | НЕ Е ТУКА |
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | НЕ Е ТУКА |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | ВОЗДРЖАН |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |

XV/7.-

| | |
|---|---|
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | ЗА |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | ЗА |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | НЕ Е ТУКА |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | ВОЗДРЖАН |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | НЕ Е ТУКА |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | ЗА |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | НЕ Е ТУКА |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | ЗА |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | НЕ Е ТУКА |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | ЗА |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | НЕ Е ТУКА |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 51. РИСТО МАСЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | ЗА |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | ЗА |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | НЕ Е ТУКА |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | ЗА |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | ЗА |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | ЗА |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | ЗА |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | ВОЗДРЖАН |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | ЗА |

XV/8.-

| | |
|---|---|
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 70. БОРИС ПАВЛОВ | НЕ Е ТУКА |
| 71. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | НЕ Е ТУКА |
| 72. ТИТО ПЕТКОВСКИ | ЗА |
| 73. МИРКО ПЕЦОВ | ВОЗДРЖАН |
| 74. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | НЕ Е ТУКА |
| 75. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 76. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | ПРОТИВ |
| 77. НИКОЛА-Г-ПОПОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 78. НИКОЛА-Р-ПОПОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 79. АБДУРАУФ ПРУСИ | НЕ Е ТУКА |
| 80. НАЏИ ПУРДЕ | НЕ Е ТУКА |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | ЗА |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | НЕ Е ТУКА |
| 83. ИСЕН РАМАДАНИ | НЕ Е ТУКА |
| 84. ИТКО РИСТЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 85. АНО РУЖИН | НЕ Е ТУКА |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | ЗА |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | ПРОТИВ |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | ЗА |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | ЗА |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | ЗА |
| 96. ЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 97. ДРАВКО СТОЈКОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | НЕ Е ТУКА |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | ЗА |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | ЗА |
| 101. З РЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | НЕ Е ТУКА |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | ПРОТИВ |

| | |
|---|---|
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | ВОЗДРЖАН |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | ПРОТИВ |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | ЗА |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 109. РАМИ ТУДА | НЕ Е ТУКА |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | ЗА |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | НЕ Е ТУКА |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | НЕ Е ТУКА |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | ВОЗДРЖАН |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | НЕ Е ТУКА |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | ЗА |

(Во меѓувреме во салата влегоа неколку пратеници)

Ве молам , кој не гласал?

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ ПРОТИВ
ИВАН БОЈКОВ ВОЗДРЖАН

(по пребројувањето на гласовите)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласал 61 пратеник, за 29, против 7, воздржани 25 Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 06001 потставка 402028 и раздел 09002, поставка 427128, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити.

XV/10.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани колеги, целта на амандманот беше на припадниците на МВР кои се оперативно на терен пожарникари, инспектори и сите служби кои вршат оперативни работи на некој начин во оваа ситуација при замрзнати лични доходи да им се овозможи поголеми месечни примања, поради ризикот што го имаат во службата. Поради пораст на криминалот во последно време доаѓаат доста и во незгодни ситуации, па дури ги губат и своите животи. Тоа беше еден напор на овој начин да се овозможи еден поголем стимул во нивната работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16)

16 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

творам претрес по амандманот на член 3 раздел 06001, потставка 423114 и на раздел 09002, потставка 427128, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 07001, потставка 467030 и на раздел 04002 потставка 464090, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќ го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 потставка 427128, раздел 12001, потставка 472026, раздел 14001, потставка 471038, раздел 28001 потставка 467014 и на разделите 09002, 12001, 14001 и 28001, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Илија Карови Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, не се надевам дека со некое образложение ќе придонесам да се зголеми бројот на пратеници кои ќе гласаат за овој амандманот, но би сакал да кажам само неколку збора.

XVI/ 3.-

Овој амандман е всушност она што провејуваше споро кај сите дискутанти во денешната расправа по ребалансот. Тоа е амандманот со кој сметаме дека од потставката за тековни резерви постои реална можност да се скратат 200 милиони денари и да се вратат ставките за водоводи во единиците на локална самоуправа ставката во програмата за ревитализација на селата и ставката за недоволно развиените подрачја во РМ на истото ниво кое ги предвидуваше буџетот на РМ.

Сметам дека во овие три ставки процентуално земено е направено најголемо скратување во однос на останатите ставки. Имено, сите се некаде по 50-тина проценти скратени. На пример, ставката за водоводи во единиците на локалната самоуправа е смалена на80 милиони, ние предлагаме тој износ да биде на она старо барем од 160 милиони денари.

Истото се однесува и на програмата за ревитализација на селата која и по буџетот беше предвидена на 20 милиони, а со ребалансот се предвидува таа ставка да биде нула и на крајот за потставката изградба на објекти во недоволно развиените единици на локална самоуправа предлагаме да се зголеми за 100 милиони денари кој износ повторно би бил помал од оној што беше предвиден со буџетот на РМ.

Јас сметам дека доколку навистина останеме доследни на своите залагања затоа што овде до сега не сум слушнал ни еден пратеник кој не се залагал за развојот на недоволно развиените и на селските и пограничните подрачја и сметам дека наместо со кукање и плачеше ако тоа го изразиме со она што е највистинското, а тоа е со давање глас дека навистина за тоа се залагаме дека овој амандман би требало да биде прифатен.

Пред да се премине на гласање би го замолил претседателот на Собранието иако е тоа негова надлежност, повторно провери кворумот, бидејќи со утврдувањето на "за" би значело дека амандманот ќе биде отфрлен. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, информација колку пратеници има во салата.

(57 пратеници се присутни во салата)

Пратениците не се да седат по холот, туку треба во салата да бидат.

Јас сакав да ве поштедам идната недела да немаме седница, затоа мислев да завршиме со оваа точка со ребалансот на буџетот, но очигледно дека ќе имаме седница и идната недела.

Очигледно дека не можеме да работиме.

(Негодување во салата)

Ве молам, ајде викнете ги ако се тука во Клубот, нека влезат.

Мислам дека не е коректно, не е во ред заради пратениците што одговорно си ја вршат функцијата да, при секое гласање за амандман да броиме дали има 61 пратеник.

Според тоа ја прекинувам седницата, продолжуваме во вторник на 14 октомври 1997 година, во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,40 часот.)